Службен весник на Република Македонија

Број 226 **30 декември 2016, петок** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
4989.	**Одлука** за давање согласност на Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите	2
4990.	**Одлука** за давање согласност на Нотарската тарифа	2
4991.	**Правилник** за поблиските услови за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија	3
4992.	**Правилник** за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување	4
4993.	**Правилник** за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи	20
4994.	**Правилник** за работното време на нотарските канцеларии	22
4995.	**Правилник** за критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на квалификациониот нотарски испит, испитот за рангирање на нотар, испитот за заменик-нотар, испитот за помошник-нотар, испитот за нотарски стручен соработник и испитот за проверка на знаењата на нотарите	23
4996.	**Правилник** за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот	23
4997.	**Правилник** за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија	24
4998.	**Правилник** за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија	44

		Стр.
4999.	**Правилник** за формата, содржината и начинот на водењето на Уписникот за примените барања за извршување	**192**
5000.	**Правилник** за начинот на водење на електронската евиденција на извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите	**192**
5001.	**Програма** за градивото и прописите за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот испит и испитот за рангирање за извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите	**193**
5002.	**Правилник** за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и заменикот на извршителот, начинот на нејзиното издавање, одземање и поништување	**199**
5003.	**Правилник** за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи	**202**
5004.	**Правилник** за потребниот простор и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на квалификациониот испит и испитот за рангирање на извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите	**202**
5005.	**Правилник** за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија и на извршителите	**203**
5006.	**Правилник** за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите	**204**
5007.	**Тарифа** за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите	**205**
5008.	**Нотарска тарифа**	**212**
	Огласен дел	**1-4**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4989.

Врз основа на член 13 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА И СЛУЖБЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КОИ СЕ ИМЕНУВААТ НОТАРИТЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите, бр.01-4712/3 од 30.12.2016 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9299/1
30 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Фестим Халили**, с.р.

4990.

Врз основа на член 153 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА НОТАРСКАТА ТАРИФА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Нотарската тарифа бр. 01-4729/5 од 30.12.2016 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9300/1
30 декември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Фестим Халили**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

4991.

Врз основа на член 16 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И ФИРМАТА НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија.

Член 2

Нотарската канцеларија е сместена во простории примерни за угледот на нотарската служба и опремени на начин кој овозможува непречено и квалитетно вршење на нотарската служба.

Член 3

Нотарската канцеларија треба да има најмалку една работна просторија, посебна чекална и тоалет во склоп на канцеларијата и да претставува една градежна целина со посебен влез. Вкупната површина на нотарската канцеларија не може да биде помала од 30м2.

Член 4

(1) Нотарската канцеларија може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

(2) Нотарската канцеларија не треба да биде сместена во објект кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него го нарушува угледот на нотарската служба.

(3) Ако нотарската канцеларија се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до третиот кат.

Член 5

Нотарската канцеларија треба да биде уредна и чиста и треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, уредно сервисирани согласно со прописите за заштита од пожар.

Член 6

(1) Нотарската канцеларија треба да има метални ормани со полици или посебна просторија за архива со вградени полици, специјално направени за таа намена, согласно прописите од областа за заштита од пожар и влага, со сигурносни брави за сместување на архивата, во која ги чува нотарските деловни книги и нотарските списи, како и огноотпорна метална каса за сместување на скапоцености, исправи, пари и хартии од вредност дадени на чување.

(2) Нотарската канцеларија има телефон, скенер, фотокопир и принтер.

(3) Нотарската канцеларија е снабдена со потребна канцелариска опрема: биро, потребен број на столчиња за странките во работната соба и во чекалната, компјутер, други средства за пишување како и друг потребен канцелариски материјал.

(4) Нотарската канцеларија треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати (електронски потпис), компјутерски сервер и електронска опрема на која што може да чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, согласно Законот за архивски материјал.

(5) Нотарската канцеларија има пулт на видно и пристапно место за учесниците во постапката пред нотар, со ознака дека на истиот може да се погледне Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем од страна на нотарите и телефонски број од Нотарската комора на Република Македонија на кој до претседателот на Нотарската комора се пријавуваат неправилностите на нотарите во врска со издавањето и наплатата на надоместокот за издавање на имотен лист пропишан со Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем.

Член 7

(1) Фирмата на нотарот го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“, називот „НОТАР”, името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

(2) Фирмата се испишува на посебна четириаголна плоча, со печатни букви во златна боја на црна стаклена подлога.

(3) За упатување во правец на канцаларијата на нотарот можат да се постават најмногу четири патокази.

(4) Патоказите се изработуваат во форма на стрелка или правоаголна форма со димензии до 25 см. во ширина и 100 см. во должина.

(5) Патоказите се поставуваат на оддалеченост до 100 метри од канцеларијата на нотарот.

(6) Патоказот го содржи називот „НОТАР”, а може да содржи и стрелка која го покажува правецот и ознака за оддалеченост пред називот „НОТАР”.

(7) Патоказите се изработуваат од материјал кој обезбедува трајност, во комбинација на две бои на црна подлога на која со букви е впишан називот „НОТАР”.

Член 8

(1) Лицето кое е именувано за нотар најдоцна 30 дена од денот од кога е известено дека е именувано за нотар, поднесува барање до Нотарската комора на Република Македонија (во понатамошниот текст: Нотарската комора) заради преглед на просториите и опремата за вршење на нотарската служба и констатирање дека работните простории и опремата во канцеларијата на нотарот, ги исполнуваат условите за работа согласно закон и овој правилник.

(2) Барањето за преглед на просториите и опремата за вршење на нотарската служба заедно со Имотен лист со кој се докажува сопственоста на просториите и договорот за закуп на просториите се доставуваат во писмена форма до Нотарската комора.

(3) Прегледот на просториите и опремата на нотарската канцеларија се врши од страна на овластена Комисија од претседателот на Нотарската комора најдоцна три работни дена од денот на приемот на барањето.

(4) Комисија од став (3) на овој член е составена од најмалку двајца членови на Нотарската комора на Република Македонија.

(5) Од страна на Комисијата од став (3) на овој член се утврдува фактичката состојба и се составува посебен записник во кој Комисијата го изнесува своето мислење за тоа дали просториите и опремата за вршење на нотарската служба одговараат на условите предвидени со закон и овој правилник. Примерок од записникот се доставува на именуваното лице за нотар и Министерството за правда.

(6) Доколку мислењето на Комисијата од став (3) на овој член во врска со површината и опременоста на работните простории и опремата за вршење на нотарската служба е негативно, лицето од став (1) на овој член може најдоцна осум дена од денот на приемот на записникот да ги отстрани недостатоците утврдени во записникот на Комисијата од став (3) на овој член и во истиот период, повторно да поднесе барање за преглед на просториите и опремата.

(7) Ако и при повторниот преглед на просториите и опремата на именуваниот нотар, мислењето на Комисијата е негативно, се смета дека лицето од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите во однос на просторот и опремата за вршење на нотарската служба.

Член 9

(1) Нотарот кој сака да изврши промена на седиштето на нотарската канцеларија, поднесува писмено барање до Нотарската комора заради констатирање дека работните простории и опрема ги исполнуваат условите за работа согласно закон и овој правилник.

(2) Од страна на претседателот на Нотарската комора се овластува Комисијата од член 8 став (3) од овој правилник, која најдоцна три работни дена од денот на приемот на барањето, со непосредна проверка на предложените простории составува записник со мислење за исполнетоста на потребните услови утврдени со закон и овој правилник. Примерок од записникот се доставува до нотарот и Министерството за правда.

(3) По добиеното позитивно мислење од Комисијата од ставот (2) на овој член, нотарот од ставот (1) на овој член, може да отпочне со работа во новото седиште на нотарската канцеларија.

(4) Доколку мислењето во врска со површината и опременоста на работните простории е негативно, на нотарот од ставот (1) на овој член му се остава дополнително време од осум дена за отстранување на недостатоците утврдени во записникот на Комисијата од став (2) на овој член.

(5) Доколку по дополнителното време Комисијата од став (2) на овој член утврди дека нотарот и понатаму не ги исполнува условите утврдени со закон и овој правилник, се смета дека не ги исполнува условите во однос на просторот и опремата за вршење на нотарската служба, за што го известува Министерството за правда.

Член 10

Записниците од членовите 8 став (4) и 9 став (2) од овој правилник, имаат значење на доказ во смисла на член 10 став (1) точка ж) од Законот за нотаријатот.

Член 11

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба („Службен весник на Република Македонија“ број 31/08, 32/08 и 164/15).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4711/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

4992.

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНИОТ ПЕЧАТ, СУВИОТ ЖИГ, ЖИГОТ ЗА ВОСОК И ШТЕМБИЛИТЕ НА НОТАРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ, ЗАМЕНА, ОДЗЕМАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување.

Член 2

Службениот печат, сувиот жиг и жигот за восок на нотарот имаат тркалезна форма и го содржат грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија”, називот „НОТАР”, името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 3

Службениот печат на заменик-нотарот, помошник-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата има правоаголна форма и го содржи грбот на Република Македонија, називот „Република Македонија”, називот „заменик-нотар”, „помошник-нотар” или „нотар кој привремено ја врши службата”, името и презимето на лицето и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 4

(1) Службениот печат од членот 2 од овој правилник е со пречник од 35 мм и се втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

(2) Службениот печат од членот 3 од овој правилник е со димензии 35 мм х 25 мм и се втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

(3) Сувиот жиг е со пречник од 35 мм и тој се втиснува со механичко притискање врз нотарската исправа.

(4) Жигот за восок е изработен од метал во пречник од 35 мм и тој се втиснува врз црвен восок.

Член 5

(1) Со службениот печат, сувиот жиг и жигот за восок (во натамошниот текст: жигот) ракува само нотарот и лицата во неговата канцеларија, кои за тоа имаат посебно писмено овластување.

(2) Службените печати и жигот, надвор од работното време, нотарот ги чува заклучени во нотарската канцеларија.

(3) Печатот и жигот се нарачуваат, изработуваат и поништуваат согласно со одредбите од Законот за нотаријатот и овој правилник.

Член 6

(1) Нотарот во вршење на својата работа користи и штембили.

(2) Нотарот ги користи штембилите предвидени со Законот за нотаријатот и правилниците со кои се пропишува неговото работење.

Член 7

(1) За потребите на нотарското работење се користат следните штембили:

1. Штембил за заверка на нотарски деловни книги (Образец бр.1);
2. Штембил за означување на нотарската канцеларија (Образец бр.2);
3. Штембил за прием на писмено - приемен штембил (Образец бр.3);
4. Штембил за заклучување на нотарски деловни книги (Образец бр.4);
5. Штембил за одобрено ослободување од плаќање на нотарски трошоци-такси (Образец бр.5);
6. Штембил за потврда на извршност на нотарска исправа (Образец бр.6);
7. Штембил за заверка на извод (Образец бр.7);
8. Штембил за заверка на препис (Образец бр.8);
9. Штембил за заверка на потпис или ракознак (Образец бр.9);
10. Штембил за заверка на изводи и преписи од регистри, трговски и деловни книги (Образец бр.10);
11. Штембил за заверка на превод (Образец бр.11);
12. Штембил за потврда на времето кога исправата е поднесена (Образец бр.12);
13 Штембил за потврдување на рокот на чување на списот (Образец бр.13);
14. Штембил за пресметка за авансирање на трошоци за излегување надвор од канцеларија (Образец бр.14);
15. Штембил за архивски број (Образец бр.15);
16. Штембил за потврда на правосилност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.16);
17. Штембил за потврда на делумна правосилност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.17)
18. Штембил за потврда на извршност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.18);
19. Штембил за потврда на делумна извршност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.19).
20. Штембил за издавање на решение за нотарски платен налог (Образец бр.20).
21. Штембил за потврдување на прием на списи (Образец бр. 21).

(2) Обрасците од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Наместо ставање на штембилите од членот 7 од овој правилник, нотарот може содржината на штембилите да ја напише и на компјутер (електронски).

Член 9

Поради запазување на еднообразноста, печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите по писмено барање на нотарот и на негов трошок се обезбедуваат од страна на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Нотарската комора).

Член 10

(1) Барањето за изработка на печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите се доставува до Нотарската комора.

(2) Барањето содржи: број и датум на повелбата за поставување на нотарот, решение за именување на заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотар кој привремено ја врши службата, името и презимето и место на службеното седиште, бројот и видот на печатот, жигот и штембилите.

Член 11

(1) Отпечатоците од печатот, сувиот шиг, жигот за восок и штембилите се одобруваат и заверуваат од страна на претседателот на Нотарската комора. Заверените отпечатоци се депонираат на записник во Нотарската комора.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се однесуваат и за изработените печати на заменик- нотарот, помошник-нотарот и на нотарот кој привремено ја врши службата.

(3) Содржината и бројот на изработениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембил се потврдува од страна на претседателот на Нотарската комора, кој составува записник на кој ги втиснува печатот, жигот и штембилите, а потоа ги предава на нотарот.

(4) Записникот за заверка и предавање го потпишуваат претседателот на Нотарската комора, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

(5) Примерок од записникот се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата, судот на чие подрачје е именуван и Министерството за правда.

(6) Во записникот се утврдува и бојата на мастилото која ќе ја користи нотарот, заменик нотарот, помошник-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата.

Член 12

(1) По дадената свечена изјава нотарот, односно по писмената изјава заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата, го заверуваат својот потпис на записник во Нотарската комора.

(2) Потписот се заверува од страна на претседателот на Нотарската комора, кој составува посебен записник.

(3) Записникот од ставот (2) на овој член се потпишува од страна на претседателот на Нотарската комора, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

(4) Примерок од записникот се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата, судот на чие подрачје е именуван и Министерството за правда.

Член 13

Одземањето и поништувањето на печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, заменик нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата се врши согласно Законот за нотаријатот.

Член 14

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот и водениот жиг, штембилите и фирмата на нотарот, како и начинот на нивното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/10 и 99/11), освен одредбите од членот 7 став (1) точки 3, 9 и 10 кои ќе продолжат да се применуваат до 15 јануари 2017 година.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), освен одредбите од членот 7 став (1) точки 3, 6, 7, 9, 10, 20 и 21 од овој правилник, кои ќе отпочнат да се применуваат од 15 јануари 2017 година.

Бр. 01-4714/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

П Р И Л О Г

Образец бр.1

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ

Нотарска комора на Република Македонија

Прими од _____

(име и презиме и седиште – адреса)

на ден _____ 20__ година овој/оваа _____

(назив на уписникот или книгата)

и по прегледот издаде:

П О Т В Р Д А

Се потврдува дека овој/оваа _____

(назив на уписникот или книгата)

Има _____ страници,

(број со зборови)

на ден _____ 20____ година ја потпиша и ја завери и на

ден _____20__ година ја предаде на

нотарот _____ од _____

(име и презиме) (место)

Број: _____

Во _____, _____ 20__ година

(место)

Претседател,

_____

(формат 110х100 мм)

Образец бр.2

ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА

Република Македонија
Н О Т А Р

_____
(Име и презиме)

_____
(подрачје на Основниот суд за кое е именуван нотарот)

Формат (60х60 мм)

Образец бр.3

ШТЕМБИЛ ЗА ПРИЕМ НА ПИСМЕНО – ПРИЕМЕН ШТЕМБИЛ

НОТАР _____
(име и презиме и седиште – адреса)

Примени непосредно од _____, по пошта (обично/преопрачано) _____ 20___ година, во ____ примероци со _____ прилози.

Писменото е стигнато по пошта отворено - со оштетена обвивка.

Предадено на пошта препорачано на ден_____ 20_____ година.

Писменото таксирано со _____ денари – таксата – недостасува такси – денари – писменото е примено без такси.

Примени и вратени (пари и сл.)

_____

Потпис на овластено лице,

_____

Формат (120х50 мм)

Образец бр.4

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ

Нотарска комора на Република Македонија

Прими од _____
(име и презиме и седиште – адреса)
на ден _____20___ година овој/оваа _____
(име на уписникот или книгата)
и после прегледот издаде
П О Т В Р Д А
Се потврдува дека овој/оваа _____
(име на уписникот или книгата)
кој/ која има _____ страници е исполнет-а до _____ страница и е заклучен-а.
_____, на ден _____20___ година, е ставен надвор од употреба и на ден _____ 20_____ година е вратен на нотарот.

Број: _____
Во _____, _____20___ година
(место)

Претседател,

_____

Формат (110х100 мм)

Образец бр.5

ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НОТАРСКИ ТРОШОЦИ – ТАКСИ

Одобрено ослободување од плаќање
на трошоци-такси

Реден број на пописот на писменото _____

Формат (80х30мм)

Образец бр.6

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА НОТАРСКА ИСПРАВА

Оваа нотарска исправа е извршна на ден

_____ 20 ___ година.

Нотар,

_____

(потпис и печат)

Формат (80х40мм)

Образец бр.7

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОД

Јас НОТАР, _____

_____

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е _____ извод – пополн – во извадок, кон кого не се приложени – се приложени _____ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ _____

Во _____, _____20___ година

Н О Т А Р,

_____

(потпис и печат)

Формат (90х60мм)

Образец бр.8

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕПИС

Јас НОТАР, _____

_____

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека е ова препис на изворната исправа – на овереният препис _____

_____

(назив на преписот)

Напишан е на рака (со молив, со хемиско пенкало, со мастило), со машина за пишување, со компјутер, со други механички или хемиски средства (фотокопие и слично), кој има ___ страници. Изворната исправа по мое сознание – по тврдење на странката се наоѓа _____ ја донесе со себе, побара препис

_____

(име, презиме и адреса на доносителот)

Нотарската такса по заверка тарифен број ___ од Законот _____

(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на судски такси по тарифен број ___ од Законот _____.

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци _____ денари.

Број УЗП _____

Во _____ , _____20____ година

НОТАР,

_____

(потпис и печат)

Формат (90x120 мм)

Образец бр.9

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС ИЛИ РАКОЗНАК

Јас НОТАР, _____
_____
(име, презиме и седиште – адреса)
потврдувам дека _____
_____
(име, презиме и адреса)
во мое присуство своерачно го потпиша писменото –
стави свој ракознак на него – го призна потписот за
свој – ракознакот на писменото како свој.

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта или пасош _____
(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)
со сведоци _____
_____.
(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)

Потписот/ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно член 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број _____ од Законот _____
(да се наведе прописот)
во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот _____ .
(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци _____ денари.

Број: УЗП _____
Во _____, 20____ година

НОТАР,
_____
(потпис и печат)

Формат (90х160 мм)

Образец бр.10

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДИ И ПРЕПИСИ ОД РЕГИСТРИ, ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ

Јас, НОТАР _____

_____

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека ова е извод од трговска – деловна книга

_____

(вид и чија е)

Овој извод односно преписот е спореден со регистарот односно изворната книга и дека изводот односно преписот е идентичен со соодветната ставка во регистарот односно изворната книга.

Нотарската такса за заверка по тарифен број _____ од Законот _____.

(да се наведе кој пропис)

во износ од _____ денари, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тарифен бр._____ од Законот _____.

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци _____ денари.

Број: УЗП _____

Во _____, _____20___ година

НОТАР,

_____

(потпис и печат)

Формат (70х100 мм)

Образец бр.11

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕВОД

Јас, НОТАР _____

_____

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека овој превод е извршен од овластен судски преведувач _____

(име и презиме)

од _____ јазик

на _____ јазик

Нотарската такса за заверка по тарифен број ___ од Законот _____.

(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарските такси, по тарифен број _____ од Законот _____.

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци _____ денари.

Број: УЗП _____

Во _____ , _____20___

НОТАР,

_____

(потпис и печат)

Формат (80х100мм)

Образец бр.12

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ВРЕМЕТО КОГА ИСПРАВАТА Е ПОДНЕСЕНА

Јас, НОТАР _____

_____

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека оваа исправа ми е предочена, односно во мое присуство _____

(име, презиме и адреса)

ми ја предочи на _____

(ден, месец, година и час)

Идентитетот на лицето кое исправата ми ја предочи е утврден врз основа на лична карта или пасош

_____

(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)

со сведоци _____

(име и презиме на сведоците)

_____

_____

(броеви на нивните лични карти или пасоши и орган кој ги издал)

Нотарската такса по тарифен број _____ од Законот

_____

(да се наведе прописот)

во износ од ____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тарифен бр.__ од Законот _____

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци во износ од _____ денари.

Број: УЗП _____

Во _____ , _____20___ година

НОТАР,

_____

(потпис и печат)

Формат (90x130 мм)

Образец бр.13

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА РОКОТ НА ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ

Списот се чува до _____

Формат (60x20 мм)

Образец бр.14

ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА

ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА

Ознака на списот _____

1. Патни трошоци:
   а) за превоз од _____ до _____ ..... денари _
   б) километри од _____ до _____ ..... денари _
2. Дневница – паушал ..... денари _
3. Трошоци за сведокот ..... денари _
4. Трошоци и награда за вештакот ..... денари _
5. Такса според тар.бр. __ од Законот _____ ..... денари _

(да се наведе прописот)

_____

ВКУПНО: ..... денари

_____

Авансно платено ..... денари

_____

Останува за исплата – наплата ..... денари _____

Датум _____ 20___ година

Одобрува исплата: Подносител на пресметката,

_____

_____

Формат (110x100 мм)

Образец бр.15

ШТЕМБИЛ ЗА АРХИВСКИ БРОЈ

Бр. _____

_____

ден, месец и година

Формат (60x20 мм)

Образец бр.16

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА

Ден _____ 20___ година

Нотар

_____

(потпис и печат)

Формат (80х40 мм)

Образец бр.17

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА ВО ДЕЛОТ _____
_____

Ден _____ 20___ година

Нотар

_____

(потпис и печат)

Формат (80х40 мм)

Образец бр.18

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА

Ден _____ 20___ година

Нотар

_____

(потпис и печат)

Формат (80х40 мм)

Образец бр.19

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ НА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА ВО ДЕЛОТ
НА _____
_____

Ден _____ 20___ година

Нотар

_____

(потпис и печат)

Формат (80х40 мм)

Образец бр.20

ШТЕМБИЛ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Република Македонија
Н О Т А Р
_____
Ул.,, _____ “ број _____

НПН.бр._____/_____

Нотарот _____ именуван за подрачјето на Основен суд
(име и презиме)
_____, на ден _____ година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за издавање на нотарски платен налог

I. Се усвојува предложениот нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа.

II. Се задолжува должникот во рок од 8 дена од приемот на решението да ги намири пристигнатите побарувања на доверителот како и одмерените трошоци на постапката во вкупен износ од _____ денари, од кои: трошоците пред нотарот во износ од _____ денари и нотарската награда во износ од _____ денари, трошоците на адвокатот во износ од _____ денари и наградата на адвокатот во износ од _____ денари и судските такси во износ од _____ денари.

III. Против ова решение и против одлуката за трошоците должникот има право да поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението, преку овој нотар до Основниот суд _____.

IV. Доколку должникот не поднесе приговор или не го плати долгот во определениот рок, ќе следи присилно извршување.

Н О Т А Р

_____
(потпис и печат)

Напомена: Доколку должникот вложи приговор должен е заедно со приговорот да достави доказ во оригинал (уплатница) за платена судска такса за приговор во износ од _____ денари, на сметка 100000000063095, примач Буџет на РМ, банка на примач НБРМ, уплатна сметка 840-(општина)-03359, приходна шифра 722213 (за физички лица) или уплатна сметка 840-(општина)-03338, приходна шифра 722211 (за правни лица), во спротивно нотарот ќе преземе дејствија за присилна наплата преку УЈП, согласно законските прописи.

Формат (160х240 мм)

Образец бр.21

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРИЕМ НА СПИСИ

П Р И М Е Н О

Датум на прием на писмено

Н О Т А Р

_____

(име и презиме на нотар - град)

Формат (50х27 мм)

4993.

Врз основа на член 39 став (4) и член 43 став (3) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ПИШУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ И ЗАВЕРКИ И НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕТО И ПОВРЗУВАЊЕТО НА СТРАНИЦИТЕ НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи.

Член 2

(1) Сите нотарски исправи кои ги составува нотарот се пишуваат на бела хартија на А4 формат, или на друг формат согласно овој правилник.

(2) Квалитетот на хартијата треба да обезбедува трајност на нотарските исправи и текстот што тие го содржат.

(3) Нотарските исправи, нотарот ги составува во определен број примероци што е соодветен на бројот на странките и органите до кои се доставува.

(4) Примеркот од нотарската исправа која останува во архивата на нотарот има својство на изворник, а примероците кои им се издаваат на учесниците имаат својство на изводи.

Член 3

(1) Сите нотарски исправи кои ги составува нотарот треба да го содржат грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија".

(2) Грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија", се испишуваат во горниот лев агол на првиот лист од нотарската исправа, а под тоа стои "НОТАР", неговото име и презиме, седиште и адреса.

(3) Во горниот лев агол на првиот лист од нотарската исправа се внесуваат и податоци за денот, месецот, годината, местото, а доколку учесниците тоа го бараат и часот кога исправата е составена.

(4) Во горниот десен агол на секој лист од нотарската исправа се става ознака на предметот со деловодниот број од соодветниот уписник.

(5) На крајот на нотарската исправа, под содржината и потписите на странките, нотарската исправа своерачно ја потпишува нотарот и го става својот службен печат.

Член 4

(1) Ако нотарската исправа се состои од повеќе листови, ознаката на предметот со деловодниот број од соодветниот уписник се става на секој лист во горниот десен агол.

(2) Листовите на нотарската исправа треба да се прошијат со емствен конец, така што ќе претставуваат една целина.

(3) На секој лист на нотарската исправа треба да има отпечаток од сувиот жиг на нотарот.

(4) Секој лист на нотарската исправа треба да биде означен со арапски број.

Член 5

(1) Секоја нотарска исправа се пишува како посебна исправа.

(2) Записниците кои се составуваат надвор од нотарската канцеларија, кога природата на дејствието тоа го бара, се пишуваат врз основа на претходно подготвен формулар или образец од страна на нотарот.

Член 6

(1) Потврдата на приватните исправи нотарот ја врши со изготвување на посебна нотарска исправа заради потврдување на приватната исправа.

(2) Потврдата на приватните исправи се врши со составување на исправата на компјутер, на машина за пишување или на друго механичко средство за пишување.

(3) Потврдата на приватната исправа особено треба да содржи дека правното дело според форма и содржина одговара на прописите за јавна исправа.

(4) Во постапката за потврдување на приватна исправа (солемнизација) учесниците стават свој потпис на крајот од секој лист од потврдата на нотарот (солемнизација) која останува во архивата на нотарот, на сите прилози кон потврдата, како и на секој лист од сите примероци на приватната исправа која се потврдува (солемнизира). За потпис се смета ставање само дел од името или параф од страна на сите учесници, освен на последниот лист од потврдата но над потписот на нотарот, кој треба да содржи потпис и рачно напишано име и презиме на учесниците.

(5) Примерокот од потврдената приватната исправа што останува во архивата кај нотарот има својство на изворник

(6) Потврдата за приватна исправа составена и потпишана од нотарот и од сите учесници се спојува со исправата што се потврдува и тоа пред исправата што се потврдува.

(7) За изготвување на потврда и потврдување на приватната исправа, соодветно се применуваат одредбите од овој правилник.

Член 7

(1) Потврда на извод на нотарската исправа се врши со ставање на штембил, или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување со што се потврдува дека изводот е идентичен со изворникот на нотарската исправа, (Образец бр.7 од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, во натамошниот текст: ППЖШ).

(2) Ако се издава извадок (исечок) од нотарска исправа, тоа се назначува во потврдата на изводот.

(3) По барање на странката, може да се издаде извод од извршна нотарска исправа кон која не се приклучени прилозите, при што тој извод не претставува извршна исправа, а тоа се назначува во потврдата на изводот.

(4) Потврдите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член нотарот ги потпишува и заверува со својот печат.

Член 8

(1) Нотарот за преземање на службени дејствија (соопштување изјави, потврдување на заклучоци на собранија и седници на други органи, потврдување на факти и друго) согласно Законот за нотаријатот составува записник.

(2) Ако нотарот е повикан од овластено лице да води записник за седница на собрание или седница на некој друг орган на правно лице, нотарот води и сочинува записник во согласност со Законот за трговските друштва.

(3) Записникот го составува самиот нотар или овластено лице од него, вработено во нотарската канцеларија.

Член 9

(1) Записниците по правило се пишуваат на компјутер или на машина за пишување, а во исклучително оправдани случаи и рачно.

(2) Записниците кои се составуваат надвор од нотарската канцеларија можат да се напишат рачно и тоа со средство што остава траен белег.

(3) Записниците од ставот (2) на овој член се препишуваат на компјутер, на машина за пишување или на друго механичко средство за пишување веднаш по враќањето во нотарската канцеларија.

(4) Ако за текот на службеното дејствие, односно за делови од тоа дејствие се водат стенографски белешки, записникот се пишува со молив за копирање.

(5) Стенографските белешки најдоцна 48 часа од составувањето на белешката се пренесуваат со обично писмо, се прегледуваат и се препишуваат на компјутер, на машина за пишување или на друго механичко средство за пишување, а потоа се приложуваат во изворникот на записникот.

(6) Текот на службеното дејствие, односно делови од тоа дејствие може да се снима во соодветен аудио или видео формат, на погоден медиум, врз основа на кој се изготвува записник на компјутер, со машина за пишување или со друго средство за пишување, а снимениот материјал на соодветен начин се чува како прилог кон записникот.

(7) Преписот од записникот составен според одредбите од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, го заверува нотарот или лицето вработено во неговата канцеларија што го извршило соодветното дејствие со свој потпис и со ставање на печат.

(8) Записникот пишуван на рака останува во списот, а преписот му се приложува.

Член 10

(1) Кога според постојните прописи не се составува записник или тоа произлегува од природата на дејството што се презема, се составува службена белешка во која се наведува извршеното службено дејствие, како и датумот, часот и местото на извршување.

(2) Службената белешка од ставот (1) на овој член ја потпишува нотарот или лицето вработено во канцеларијата што го презело службеното дејствие.

(3) Ако службената белешка од ставот (1) на овој член содржи изјава на странката или соопштение дадено на присутна странка, белешката ја потпишува и странката.

(4) Ако странката одбие да се потпише, нотарот тоа го забележува на исправата и ги наведува причините за одбивањето.

Член 11

Другите писмена кои ги составува нотарот (дописи, барања, замолници и друго), покрај потребните податоци можат да содржат дополнителни податоци кои се во функција на вршењето на нотарската служба.

Член 12

Секоја составена нотарска исправа образува предмет, кој нотарот го заведува во уписниците.

Член 13

(1) Предметите се заведуваат по ред без одлагање, како што ќе стигне предметот.

(2) Ако поради бројноста или од други оправдани причини предметите не можат да бидат заведени истиот ден, тие се заведуваат најдоцна наредниот работен ден пред заведувањето на новите предмети, а под датумот и часот кога се примени.

Член 14

(1) Секој предмет се обележува со скратен назив на соодветниот уписник, редниот број под кој се заведува и последните два броја од годината, како и датумот.

(2) Поединечните поднесоци во предметот се означуваат во горниот десен агол со деловодниот број кој ја содржи ознаката на предметот.

Член 15

(1) Секоја нотарска исправа што претставува посебен предмет добива нова обвивка.

(2) Ако за определена правна работа е потребно да се преземат повеќе дејствија во различен временски период, а уписот го задржува основниот број, за сите нотарски исправи има единствена обвивка.

(3) На насловната страница од обвивката на горниот лев агол се внесуваат податоци за нотарот кој учествувал во составувањето на исправата, неговото име и презиме, седиште и адреса.

(4) Во горниот десен агол од обвивката, пред бројот се внесува скратен назив на уписникот,, редниот број под кој е заведен и последните два броја од годината.

(5) На средината на обвивката се внесуваат податоците за предметот и податоците за странките.

Член 16

(1) Заверка на препис или фотокопија на исправите, нотарот врши со ставање на штембил за заверка на препис, или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување (Образец бр.8 од ППЖШ).

(2) Потврдата за заверка на преписот се става под текстот што се заверува, а доколку нема доволно простор, заверката ќе се на прави на другата страна од листот. Доколку и на другата страна од листот нема доволно простор, заверката ќе се направи на посебен лист, кој ќе се спои со преписот и ќе се означи со печат кој ќе ги опфати сите листови (лепеза печат).

(3) Со заверката се потврдува дека преписот на исправата е идентична со изворната исправа.

(4) При заверка на препис се пополнуваат податоците кои ги потврдуваат фактите што се предмет на заверката.

Член 17

(1) Заверка на потпис или ракознак на странката, нотарот врши со ставање на штембил за заверка на потпис или ракознак или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, машина за пишување или со друго механичко средство за пишување (Образец бр.9 од ППЖШ).

(2) Потврдата за заверка на потписот или ракознакот се става на крајот на исправата, под потписот на странката, а доколку нема доволно простор, заверката ќе се на прави на другата страна од листот. Доколку и на другата страна од листот нема доволно простор, заверката ќе се направи на посебен лист, кој ќе се спои со преписот и ќе се означи со печат кој ќе ги опфати сите листови (лепеза печат).

(3) Со заверката на потписот или ракознакот се потврдува дека странката во присуство на нотарот ја потпишала исправата, ставила свој ракознак, или го признала потписот, односно ракознакот како свој.

(4) При заверка на потписот или ракознакот се пополнуваат податоците кои ги потврдуваат фактите што се предмет на заверката.

Член 18

Заверка на изводи и преписи од регистри, трговски и деловни книги се врши со ставање на штембил за заверка на изводи и преписи од регистри, трговски и де-

ловни книги или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување, со која нотарот потврдува дека изводот односно преписот е спореден со регистарот односно изворната книга и дека изводот односно преписот е идентичен со соодветната ставка во регистарот односно со изворната книга (Образец бр.10 од ППЖШ).

Член 19

(1) Заверка на превод се врши со ставање на штембил за заверка на превод или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување (Образец бр.11 од ППЖШ).

(2) Нотарот својата потврда ќе ја стави на преводот од исправата, кој ќе го спои со фотокопија од преведената исправа.

Член 20

Потврдата за времето кога исправата е поднесена се врши со ставање на штембил за потврда за времето кога исправата е поднесена, или со испишување на содржината на штембилот на компјутер, на машина за пишување или со друго механичко средство за пишување (Образец бр.12 од ППЖШ).

Член 21

(1) Заверките по правило се вршат во нотарската канцеларија.

(2) Заверка на потпис или ракознак се врши и надвор од нотарската канцеларија, ако за тоа постојат оправдани причини.

(3) Заверката на потпис или ракознак надвор од нотарската канцеларија се врши по претходно намирен трошок на лицето кое бара заверка.

(4) Ако заверката на потписот или ракознакот се врши надвор од нотарската канцеларија, за заверката се составува записник кој ги содржи сите податоци од уписникот за заверки и потврди.

(5) Податоците од записникот дополнително се запишуваат во уписникот за заверки и потврди, при што во рубриката за забелешки се назначува дека податоците и потписот односно ракознакот се внесени во записникот.

(6) Ако во потврдата за заверка која се врши надвор од нотарската канцеларија, не е наведен редниот број на уписникот за заверки и потврди се наведува датумот, часот и местото во кое заверката е извршена.

Член 22

Со денот на отпочнувањето на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и за формата и начинот на потврдување на фактите и изјавите („Службен весник на Република Македонија” бр.55/10).

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4715/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

4994.

Врз основа на член 17 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НОТАРСКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува работното време на нотарските канцеларии.

Член 2

(1) Работното време на нотарските канцеларии започнува во 9.00 часот, а завршува во 17.00 часот, секој работен ден од неделата.

(2) По писмено барање на странката кога за тоа има оправдани причини, нотарот презема службени дејствија и во работни денови од 17.00 до 19.00 часот и во други неработни денови во договор со странката.

Член 3

(1) Нотарот го определува времето за прием на странки на начин што најмалку два пати дневно прима странки и тоа два работни часа претпладне и два работни часа попладне, до завршување на работното време.

(2) Одлуката со кој го определува времето за прием на странки, нотарот ја доставува до Нотарска комора на Република Македонија на денот на започнување со работа, и се придржува до неа.

Член 4

(1) Работното време и времето за примање на странки на нотарската канцеларија, треба да биде истакнато на видно место на влезот во нотарската канцеларија.

(2) Во случај нотарската канцеларија во текот на работното време да биде затворена, нотарот на влезот на канцеларијата истакнува соопштение со кое ќе ги извести странките кога ќе продолжи со работа.

(3) Во случај на подолга спреченост за работа поради болест или други причини, нотарот истакнува соопштение на канцеларијата за лицето именувано да го заменува во периодот на спреченост на нотарот и да ја врши нотарската служба наместо него.

Член 5

Нотарот кој привремено ја врши службата за друг нотар во случаите предвидени со закон, истакнува соопштение на влезот од двете нотарски канцеларии и го определува времето за прием на странките на двете канцеларии.

Член 6

Нотарите кои започнале со работа до денот на отпочнување на примената на овој правилник, ќе го усогласат работното време на нотарските канцеларии најдоцна 30 дена од денот на отпочнување на примената на овој правилник.

Член 7

Нотарите кои започнале со работа до денот на отпочнување на примената на овој правилник, одлуката од член 3 став (2) од овој правилник, ќе ја достават до Нотарската комора на Република Македонија најдоцна 30 дена од денот на отпочнување на примената на овој правилник.

Член 8

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за работното време на нотарските канцеларии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/08).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4716/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

4995.

Врз основа на член 164 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИОНИОТ НОТАРСКИ ИСПИТ, ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИК-НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ПОМОШНИК-НОТАР, ИСПИТОТ ЗА НОТАРСКИ СТРУЧЕН СОРАБОТНИК И ИСПИТОТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА НОТАРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на: квалификациониот нотарски испит, испитот за рангирање на нотар, испитот за заменик-нотар, испитот за помошник-нотар, испитот за нотарски стручен соработник и испитот за проверка на знаењата на нотарите (во натамошниот текст: испитот).

Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две простории од кои секоја одделно треба да биде опремена со:

- најмалку 36 работни бироа од кои 30 за станиците за тестирање, пет за членовите на комисијата и еден за серверот;
- најмалку 36 столчиња;
- дисплеј за објавување на резултатите со димензии од најмалку 2x2 метри; - најмалку 30 персонални компјутери чиј монитор е најмалку 19”;
- еден централен сервер со монитор за надгледување и за локално снимање на полагањето;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник и
- мрежна камера за снимање на полагањето.

Член 3

Просториите за полагање на испитот имаат интернет врска од минимум 10мб/с, наменета за електронското полагање на испитите и пристап до апликацијата на Министерството за правда за спроведување на електронско полагање на испитот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4717/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

4996.

Врз основа на член 130 став (8) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот.

Член 2

(1) Комисијата е самостојна во вршењето на надзор над законитоста на работењето на нотарот и самостојно одлучува за дејствијата кои треба да се преземат при вршењето на надзорот.

(2) Овластените лица за надзор во вршењето на своите работи се независни и непристрасни од било какво влијание кое би можело да влијае директно или индиректно на нивната работа.

(3) Овластените лица во своето работење го почитуваат принципот на доверливост на информациите и податоците.

Член 3

(1) Надзорот над законитоста на работењето на нотарот се врши според месечен план за надзор кој содржи листа на нотари над чија работа се планира да се врши надзор во текот на месецот.

(2) Измена на месечниот план од ставот (1) на овој член се врши по барање на:

- нотарот над чие работење се врши надзор;
- овластените лица кои вршат надзор, поради немање на технички можности за спроведување на истиот и
- министерот.

Член 4

Надзорот над законитоста на работењето на нотарот опфаќа:

- уредно водење на нотарските деловни книги во писмена или електронска форма;
- уредно водење на предметните списи;
- уредно водење на евиденцијата;
- чувањето на нотарските деловни книги, евиденцијата, списи и податоци;
- уредно осигурување на нотарот од одговорност за штета;
- уредно водење на евиденција за наплатената нотарска награда, трошоци и такси;
- постапување по одлуките на надзорните органи за отстранување на недостатоците во работењето на нотарот.

Член 5

(1) Надзорот по конкретен предмет на нотар се врши врз основа на сознанија за незаконито работење на нотарот, добиени од државни органи, правни и физички лица.

(2) Надзорот по конкретен предмет на нотар кој постапувал по поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог се врши само во делот на постапувањето на нотарот во роковите пропишани со Законот за нотаријатот, при спроведување на постапката за издавање на нотарски платен налог.

(3) При постапување по одредена иницијатива, претставка или предлог за вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот, од страна на овластеното лице од Министерството за правда истата може да се препрати до друг надлежен орган, доколку смета

дека на тој начин по истата поцелисходно би се одговорило од страна на тој надлежен орган, за што се известува подносителот на иницијативата, претставката или предлогот.

(4) По приемот на писменото кое укажува на незаконито работење на одреден нотар, се бара одговор од нотарот за чија работа се однесуваат сознанијата, со цел да се утврди потребата за вршење на надзор, при што на нотарот, му се доставува копија од писменото.

(5) Нотарот најдоцна осум дена од денот на приемот на барањето од став (3) на овој член, се изјаснува писмено со аргументиран и образложен одговор и приложува докази во поткрепа на својот одговор.

(6) По добиените сознанија за кои нотарот писмено се изјаснил, овластените лица вршат надзор во просториите на нотарот, доколку:

- оценат дека одговорот на нотарот, не содржи произнесување по сите точки од барањето за одговор,
- постои сомневање во вистинитоста на наводите или сомневање во веродостојноста на приложените докази и
- од изнесените наводи се оцени дека има основ за поднесување на предлог за поведување на дисциплинска постапка.

(7) Ако во периодот од став (2) на овој член, нотарот не достави одговор, овластените лица вршат надзор над нивното работење во просториите на нотарот.

Член 6

(1) При вршење на надзор може да се побара мислење од друг надлежен орган, доколку се оцени дека од истото ќе се утврди потребата за вршење на надзор.

(2) Во случај на добиени сознанија од анонимна претставка или предлог, се постапува само доколку станува збор за јавен интерес утврден во закон.

Член 7

За денот и часот на спроведување на надзорот над законитоста на работењето на нотарот, овластените лица од Министерството за правда го известуваат претседателот на Основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на нотарот, кој овластува судија кој ќе учествува во вршењето на надзорот, а доколку се работи за надзор по конкретен предмет и адвокатот кој учествувал во постапката пред нотар како полномошник на учесникот по предметот на надзорот.

Член 9

При вршењето на надзорот, нотарот кај кој се врши надзор над законитоста на работењето треба да се придржува кон Кодексот на професионалната етика на нотарите.

Член 10

(1) Пред отпочнување со надзор, овластените лица му врачуваат на нотарот овластување за вршење на надзор.

(2) При вршење на надзорот, по барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот прави електронска копија или фотокопија од прегледаните списи и евиденцијата која ја води нотарот.

(3) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот доставува дополнителни копии од документите кои ги поседува доколку овластените лица за надзор сметаат дека се потребни за изготвување на записникот за надзорот.

(4) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот како и неговите вработени даваат писмено или усно објаснување во врска со прашања кои се однесуваат на надзорот и приложуваат соодветни докази во поткрепа на објаснувањето.

Член 11

(1) При вршењето на надзорот, овластените лица имаат пристап до просториите, архивата, нотарските исправи и списи и деловни книги во писмена или електронска форма.

(2) Доколку при надзорот учествува и адвокат, адвокатот врши увид во книгите, уписниците, имениците во кои е запишан конкретниот предмет и списите на конкретниот предмет.

Член 12

Записникот за извршен надзор содржи податоци за видот на надзорот кој се врши, нотарот над кој се врши надзорот, денот и часот на надзорот, овластените лица кои го вршат надзорот, судијата и адвокатот доколку учествувал во надзорот; констатираната состојба од преземените службени дејствија, листата на земени копии од списи или докази, потписи на овластените лица и судијата кој учествувал во вршењето на надзорот.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4718/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

4997.

Врз основа на член 110 став (2) и член 111 став (8) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр.72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ВИДОТ, СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА АКТИТЕ, УПИСНИЦИТЕ, КНИГИТЕ И ИМЕНИЦИТЕ НА НОТАРОТ, ПОМОШНИТЕ КНИГИ, НАЧИНОТ НА ПРИМАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ И ПРЕДМЕТИТЕ ОД ВРЕДНОСТ И НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ПРЕЗЕМАЊЕ, НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ И ОБНОВА НА НОТАРСКИТЕ СПИСИ И ИСПРАВИ, НАЧИНОТ НА АРХИВИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА АРХИВИРАЊЕТО, КАКО И ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУГИ ФОРМАЛНИ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија.

Член 2

Нотарот уредно и навремено ги води уписниците, книгите и имениците, електронската и друга евиденција утврдени со Законот за нотаријатот, овој правилник и други прописи кои се во функција на вршење на нотарската служба.

Член 3

(1) Од страна на нотарот се водат следниве нотарски деловни книги:
- Општ деловен уписник (ОДУ);
- Уписник за протести (УП);
- Уписник за заверки и потврди (УЗП);
- Уписник за доверени работи (УДР);
- Уписник за нотарски платни налози (УНПН);
- Депозитна книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености (ДК);
- Книга на потписи (КП); и
- Заеднички именик на странките (ЗИ) за сите нотарски деловни книги од овој член.

(2) Од страна на нотарот се водат и помошни книги од став (1) на овој член, за извршените работи во општините на подрачјето на судот на кое е именуван согласно членот 111 став (3) од Законот за нотаријатот.

Член 4

Од страна на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Нотарската комора), согласно Законот за нотаријатот и овој правилник, се водат следниве регистри, уписници, книги и именици:
- Регистар на тестаменти;
- Регистар на полномошна;
- Книга на депонирани потписи (КДП);
- Именик на нотари (ИН);
- Именик на помошници-нотари (ИПН);
- Именик на замеици-нотари (ИЗН);
- Именик на нотарски приправници (ИНП);
- Именик на нотарски стручни соработници (ИНСС);
- Именик на нотари кои привремено ја вршат нотарската служба (ИНПНС) и
- Уписник за заверка на уписници и книги (УЗУК).

Член 5

(1) Уписникот за протести и Книгата на потписи од членот 3 став (1) од овој правилник се заверуваат од страна на претседателот на Нотарската комора.

(2) Заверката од став (1) на овој член се врши на горниот дел на последната страница на уписникот и книгата, со штембил за заверка на нотарските деловни книги Образец бр.1 од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување (во натамошниот текст: ППЖШ), чија веродостојност ја потврдува со својот потпис и печат претседателот на Нотарската комора.

(3) Во заверката од ставовите (1) и (2) на овој член се означува вкупниот број на страници на уписникот и книгата, датумот на заверката и предавањето на уписникот и книгата на нотарот.

(4) Податоците од ставот (3) на овој член се внесуваат и во Уписникот за заверка на уписници и книги според Образец бр.1.

(5) Уписникот за заверка на уписници и книги содржи рубрики за: реден број; датум на прием; назив на Уписникот или Книгата; име и презиме и адреса на нотарот; датум на заверка; датум на враќање; датум кога се исполнети и забелешка.

(6) Нов уписник или книга од ставот (1) на овој член, не се пополнува додека целосно не се пополнат започнатите.

(7) Уписникот и Книгата од ставот (1) на овој член се набавуваат преку Нотарската комора.

(8) Уписникот и книгата од ставот (1) на овој член, треба да бидат еднообразни и да се водат по единствена методологија на подрачјето на целата територија на Република Македонија.

(9) Еднообразноста на уписниците и книгите од ставот (1) на овој член, се обезбедува од страна на Нотарската комора.

Член 6

(1) При заклучувањето на тековната календарска година, се повлекува хоризонтална црта со црвен молив под последниот број на упис во книгата за потписи и се составува забелешка за вкупниот број на извршени уписи и на поништени уписи за таа година и бројот на поништениот упис.

(2) Под забелешката од став (1) на овој член, се става ден, месец и година кога е составена забелешката со бројки и букви, потпис и печат.

Член 7

По пополнувањето на уписниците или книгите, од страна на нотарот, пополнетите уписници или книги се предаваат на претседателот на Нотарската комора, кој ги заклучува со штембил за заклучување на нотарските деловни книги (Образец бр.4 од ППЖШ), ги потпишува и ги заверува со печат на Нотарската комора, по што ги враќа на нотарот.

Општ деловен уписник (ОДУ)

Член 8

Во Општиот деловен уписник се заведуваат сите нотарски акти од Законот за нотаријатот и други закони, солемнизации на приватни исправи, записници, како и сите други нотарски исправи, освен оние што се заведуваат во Уписникот за протести, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за нотарски платни налози и во Уписникот за доверени работи.

Член 9

(1) Општиот деловен уписник се води во електронска форма на авторизиран програм и ги содржи следните рубрики:

Рубрика 1: Реден број - се внесува редниот број на уписот. Секоја календарска година започнува со реден број 1, па последователно според времето на уписот, секој од уписите добива нов, нареден број.

Рубрика 2: Датум на уписот - се внесува со арапски броеви, двоцифрено, денот и месецот и годината кога е извршен уписот во уписникот.

Рубрика 3: Податоци за учесникот во правната работа или службеното дејствие - за физичко лице се внесува име, презиме, адреса и ЕМБГ. Ако физичкото лице е застапувано од полномошник или законски застапник, покрај горните податоци се внесуваат истите податоци и за полномошникот или законскиот застапник и се наведува видот, бројот и датумот на овластувањето врз основа на кое тој застапува. По внесените податоци, во Книгата за потписи своерачно се потпишува, односно става свој ракознак физичкото лице или неговиот законски застапник, односно полномошник. За правно лице се внесува целосен или скратен назив на правното лице, седиште и ЕМБС, регистриран во надлежниот орган или регистар. Ако за правното дејствие преземено во нотарската канцеларија на писменото е земен потпис од овластено лице, во Уписникот се запишува и името и презимето на застапникот по закон на правното лицето кое се внесува во Уписникот, а доколку правното лице е застапувано од полномошник, прокуристот и сл., покрај горните податоци за правното лице, наместо податоците за застапникот по закон, се внесуваат името, презимето, адресата и ЕМБГ

за полномошникот, прокуристот и сл.и се внесува видот, бројот и датумот на овластувањето врз основа на кое тој застапува. За упис на странско лице, при уписот не се внесува матичен број, доколку тој не е содржан во документот за идентификација.

Рубрика 4: Краток опис на правната работа или преземените службени дејствија и вредност - краткиот опис за правната работа или преземените службени дејствија, содржи определување на видот на правното дело или дејствие кое се презема со внесување на основните податоци за него. Вредноста на правното дело се определува врз основа на податоците содржани во актите, како и врз основа на расположливите податоци од надлежните органи и институции. Ако има несогласување помеѓу податоците во актите и оние на надлежните органи, за релевантни се земаат податоците на надлежните органи.

Рубрика 5: Износ на такса според тарифниот број - износ на наплатена такса со означување на тарифниот број и соодветниот пропис. Ако дејствието е ослободено од плаќање такси, се наведува прописот врз основа на кој е ослободено од плаќање такси.

Рубрика 6: Износ на награда според членот од Нотарската тарифа - износ на наплатена награда со означување на членот од Нотарската тарифа и соодветниот пропис. Ако дејствието е ослободено од плаќање награда, се наведува прописот врз основа на кој е ослободено од плаќање награда.

Рубрика 7: Ознака на движење на списите - се внесува моменталното движењето на списот, дали списот е во Општина - Одделение за утврдување и наплата на данок на промет, наследство и подарок, суд или друг надлежен орган. Кога списот е архивиран, тоа се констатира со знакот а/а, а доколку е споен со друг предмет, во предметот кој е приклучен се наведува бројот на предметот кон кој е приклучен, а кај предметот кон кој е додаден предмет се наведува бројот на предметот кој му е приклучен.

Рубрика 8: Забелешка - се внесуваат сите забелешки во врска со уписот, а посебно причината за поништување на уписот или колоната, спојување на две последователни колони и други околности за кои нотарот ќе оцени дека се од значење за извршениот упис.

(2) Секој упис добива нов последователен реден број.

(3) Ако за еден упис е потребно да се запишат повеќе учесници, секој од учесниците се запишува во посебна колона.

(4) Редниот број, датумот и други податоци кои се идентични за целиот упис се внесуваат на првиот запишан учесник, а на останатите колони се става знакот еднакво односно „дето" (- II -).

(5) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии од Општиот деловен уписник на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг сигурен медиум за чување на електронски податоци.

(6) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Уписник за протести (УП)

Член 10

Уписникот за протести нотарите го водат во три книги во писмена форма, и тоа:

1) Уписник за протести, Книга I, за упис на протест за трасирана и сопствена меница и протест на чек, согласно Законот за меница и Законот за чек според Образец бр.2.

2) Уписник за протести, Книга II, за упис на потврда за замена на протест или чек со писмена изјава на лицето од кое е побарано исполнување на обврската, согласно Законот за меница и Законот за чек според Образец бр. 3.

3) Уписник за протести, Книга III, за упис на потврда за замена на протест со потврда дека е доставен препис на меницата на меничните должници затоа што истата не е платена или акцептирана согласно Законот за меница според Образец бр. 4.

Член 11

(1) Уписниците за протести од член 10 од овој правилник, се подготвуваат во тековната година за наредната година.

(2) Секоја книга на Уписникот за протести треба да биде тврдо укоричена и прошиена со емственик кој поминува низ сите листови и краеви кои се на внатрешната страна на корицата на книгата, заверени и прицврстени со печат на Нотарската комора.

(3) Покрај ставањето на печатот, од страна на Нотарската комора се потврдува и колку листови има во книгата.

(4) Потврдата носи датум кога е ставен печатот и бројот на уписот во уписникот под кој е извршен.

(5) На секој лист во книгата од ставот (1) на овој член се наведува името и презимето, како и седиштето на нотарот и целиот назив на одделната книга.

(6) Листовите во книгата се означуваат со редни броеви.

Член 12

(1) Покренатиот протест и замената на протестот, без оглед на тоа дали при замената на протестот учествувал нотар, се запишуваат во Уписникот за протести без одлагање, а замената на протестот пред истекот на протесниот рок.

(2) Од страна на нотарот се внимава на редот како протестите и замената на протестите се покренати, односно како странките барале замената на протестот да се запише во уписникот за протести.

(3) Во Уписникот за протести се запишува целата содржина на протестот, односно целата содржина на меницата или чекот и напишаните изјави на меницата односно чекот согласно Законот за меница и Законот за чек, односно целата содржина на меницата односно чекот и потврдата за замена на протестот согласно Законот за меница и Законот за чек.

(4) На имателот на меницата или чекот или на неговиот застапник веднаш му се предава изводот на протестот со поднесената меница односно чек, односно поднесената меница или чек на која е напишана потврда за упис на изјавата во именикот за протести, односно изворникот на потврдата за замена на протестот со поднесената меница или чек.

Член 13

Од страна на нотарот се потврдува дека запишаната содржина во Уписникот за протести одговара на изворникот на протестот, односно на поднесената меница, чек или препис на меница, и на неа напишаната изјава од трасатот односно поднесената меница, чек или препис на меница и издадената потврда за замена на протестот.

Член 14

Уписникот за протести не се изнесува од нотарската канцеларија, освен во случаите во кои според Законот за нотаријатот, архивата на нотарот се чува во надлежниот суд или се предава на некоја друга државна или јавна служба, или се доверува на нотар.

Член 15

(1) Од страна на нотарот се врши протестирање по писмено барање од имателот на меницата или чекот, односно неговиот застапник на негов трошок.

(2) Писменото барање се запишува во Општиот деловен уписник.

(3) Врз основа на барањето за протестирање, односно за упис за извршена замена на протестот, односно за извршена замена на протестот, од страна на нотарот најдоцна три работни дена од денот на приемот на барањето за протестирање се врши протестирање, односно упис за замена на протестот во Уписникот за протести, односно се врши замена на протестот и потврдата за тоа се запишува во Уписникот за протести.

(4) Нотарот не се впушта во испитување дали протестирањето или уписот во одделни случаи се потребни или соодветни за остварување на меничните права односно правата од чек.

Член 16

Завереният препис на протестот како и заверените преписи и потврди за замена на протестот се издаваат само на заинтересирани лица и само врз основа на писмено барање.

Член 17

(1) Кога лицето против кое се покренува протест согласно Законот за меница, односно Законот за чек ќе ја изврши пропуштената исплата, од страна на нотарот тоа се потврдува на меницата или чекот.

(2) Содржината на потврдата се внесува во целост во посебен записник, кој се заведува во Општиот деловен уписник.

(3) На потврдата на меницата или чекот, од страна на нотарот се става потпис, датум и број на списот под кој потврдата е заведена, како и печат, па потоа меницата или чекот се предава на лицето против кое е покренат протестот.

(4) Во случај на исплата на дел од меничната сума, односно на еден дел од износот наведен во чекот, од страна на нотарот се постапува согласно Законот за меница, односно Законот за чек.

Член 18

Протестите и замените на протестите се назначуваат со кратенки и тоа: „Про.I.р.бр._____”, односно „Про.II.р.бр._____”, односно „Про. III. р.бр. _____”, додавајќи при тоа име и презиме на нотарот кој го вршел протестот, односно замената на протестот.

Член 19

Уписникот за протести и записниците за протести се чуваат десет години.

Член 20

(1) Сите надоместоци (награда и надоместок на трошоците на нотарот, такси и сл.) се назначуваат на сите примероци на исправите кои се запишуваат во Уписникот за протести.

(2) На исправите од ставот (1) на овој член се назначува дали и кои од надоместоците од ставот (1) на овој член се наплатени.

Уписник за заверки и потврди (УЗП)

Член 21

(1) Уписникот за заверки и потврди се води во електронска форма на авторизиран програм и ги содржи следните рубрики:

Рубрика 1: Реден број - се внесува редниот број на уписот за заверка или потврда. Секоја календарска година започнува со реден број 1, па последователно според времето на упис, секој од уписите добива нов, наредан број.

Рубрика 2: Датум на упис - се внесува со арапски броеви, двоцифрено, денот и месецот и годината, кога е извршен уписот за заверка или потврда.

Рубрика 3: Податоци за учесникот во постапката за заверка или потврда:

- За заверка на препис се внесува: името, презимето и адресата на лицето што побарало заверка на препис;

- За заверка на превод се внесува: името, презимето и адресата на лицето што побарало заверка на превод;

- За заверка на потпис или ракознак на физичко лице се внесува името, презимето, адресата и матичниот број на лицето што побарало заверка на потпис или ракознак. Ако физичкото лице е застапувано од полномошник или законски застапник, покрај горните податоци, се внесува истите податоци и за полномошникот или законскиот застапник и се наведува видот, бројот и датумот на овластувањето врз основа на кое тој застапува.

- За заверка на потпис на правно лице се внесува целосниот или скратен назив на правното лице, седиштето и ЕМБС регистриран во надлежниот орган или регистар и името и презимето на застапникот по закон на правното лице што побарало заверка на потпис. Ако правното лице е застапувано од полномошник, прокурист и сл. покрај горните податоци за правното лице, наместо податоците за застапникот по закон, се внесуваат името, презимето, адресата и ЕМБГ за полномошникот и се наведува видот, бројот и датумот на овластувањето врз основа на кое тој застапува. Ако се заверува потпис на правно лице врз основа на депониран потпис, се наведува бројот на уписот каде што е депониран потписот. По внесените податоци, во Книгата за потписи своерачно се потпишува застапникот по закон, односно полномошник.

- За заверка на потпис на странско лице, при заверката не се впишува матичен број доколку тој не е содржан во документот за идентификација.

- За издавање потврди (за живот, предочување исправа, овластување, извод од трговска книга и сл.) се внесува: името, презимето, адресата и матичниот број за физичкото лице кое побарало издавање на ваква потврда, односно истите податоци за правно лице како при заверка на потпис.

Рубрика 4: Вид и начин на заверката или потврдата и вид и краток опис на исправата во врска со која се прави уписот:

- За заверка на препис се внесува: видот на преписот, називот, бројот, датумот и органот на издавање на документот, а доколку не е на македонски јазик и јазикот на кој е напишан;

- За заверка на превод се внесува: јазикот од кој е извршен преводот, името и презимето на овластениот преведувач и називот на документот кој е преведен;

- За заверка на потпис или ракознак се внесува: дали потписот е даден или признат, и видот на документот на кој се заверува со краток опис на содржината;

- За издавање потврди (за живот, предочување исправи, овластување, извод од трговска книга и сл.) се внесува: видот на потврдата и исправата за што се дава потврдата.

Рубрика 5: Утврдување на идентитет на учесникот - се внесува на кој начин е утврден идентитетот на учесникот врз основа на важечки документ за идентификација, лична карта или пасош, со наведување на видот, бројот и органот кој го издал документот за идентификација. Ако не е можно да се утврди идентитетот на учесникот според претходниот начин, може да се утврди со присуство на двајца полнолетни сведоци на идентитет, кои поседуваат важечки документ за идентификација и пред нотарот го потврдуваат идентитетот на учесникот. Во рубриката се констатира „со сведоци на идентитет", а во посебни колони за секој сведок поединечно, под ист број на упис, се внесува личните податоци на сведоците кои се потпишуваат во Книгата за потписи, видот, бројот и органот што го издал важечкиот документ за идентификација со кој се утврдува нивниот идентитет.

Рубрика 6: Број на примероци - се внесува со арапски броеви, бројот на примероци на кои е извршена заверката или издадена потврдата;

Рубрика 7: Износ на такса според тарифниот број - се внесува износот на наплатена такса со означување на тарифниот број и соодветниот пропис. Ако дејствието е ослободено од плаќање такси, се наведува прописот врз основа на кој е ослободено од плаќање такси.

Рубрика 8: Износ на награда според членот од Нотарската тарифа - се внесува износот на наплатена награда со означување на членот од Нотарската тарифа и соодветниот пропис. Ако заверката е ослободена од плаќање награда, се наведува прописот врз основа на кој заверката е ослободена од плаќање награда.

Рубрика 9: Забелешка - се внесуваат сите забелешки во врска со заверката или потврдата, а посебно причината за поништување на уписот или колоната, дека е прочитано писменото на неписмената странка која става ракознак, спојувањето на две последователни колони, и други околности за кои нотарот оцени дека се од значење за извршениот упис.

(2) Секој упис добива нов последователен реден број.

(3) Ако за еден упис е потребно да се внесува повеќе учесници, секој од учесниците се внесува во посебна колона.

(4) При внесување во уписникот се пополнуваат само оние рубрики кои се однесуваат на определен упис.

(5) Во рубриките во кои не треба ништо да се пополни се става хоризонтална црта.

(6) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии од Уписникот за заверки и потврди на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг сигурен медиум за чување на електронски податоци.

(7) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Уписник за доверени работи (УДР)

Член 22

(1) Уписникот за доверени работи од судовите и другите органи се води во електронска форма на авторизиран програм и содржи рубрики за: реден број; датум на прием; податоци за странката (име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице, адреса на физичкото лице или седиште на правното лице, ЕМБГ или ЕМБС на правното лице, занимање); краток опис на доверената работа; датум на испраќање на составената исправа до судот или на друг орган; износ на наградата по член од Нотарската тарифа и забелешка.

(2) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии од Уписникот за доверени работи на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг сигурен медиум за чување на електронски податоци.

(3) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Уписник за нотарски платен налог (УНПН).

Член 23

(1) Уписникот за нотарски платен налог се води во електронска форма на авторизиран програм и ги содржи следните рубрики:

Рубрика 1: Реден број - се внесува редниот број на уписот. Секоја календарска година започнува со реден број 1, па последователно според времето на уписот, секој од уписите добива нов, нареден број.

Рубрика 2: Датум на прием - се внесува со арапски броеви, двоцифрено денот, месецот и годината кога е извршен приемот.

Рубрика 3: Податоци за доверителот - за физичко лице се внесува име, презиме, адреса (живеалиште односно престојувалиште) и ЕМБГ. Ако физичкото лице се застапувано од полномошник или законски застапник, покрај горните податоци се внесуваат истите податоци и за полномошникот или законскиот застапник; . за правно лице се внесува целосен или скратен назив на правното лице (како што е заведен во тековна состојба), седиште и ЕМБС, регистриран во надлежниот орган или регистар и електронско сандаче доколку е наведено во тековната состојба. Ако правното лице е застапувано од полномошник, прокурист и сл. покрај податоците за правното лице се внесува името, презимето, адресата и ЕМБГ за полномошникот, прокуристот и сл. за упис на странско лице, при уписот не се внесува матичен број, доколку тој не е содржан во Предлогот.

Рубрика 4: Податоци за должникот во правна работа или службено дејствие - за физичко лице се внесува име, презиме, адреса (живеалиште односно престојувалиште) и ЕМБГ само доколку е наведен во Предлогот. Ако физичкото лице се застапувано од полномошник или законски застапник, покрај горните податоци се внесуваат истите податоци и за полномошникот или законскиот застапник за правно лице се внесува целосен или скратен назив на правното лице (како што е заведен во тековна состојба), седиште и ЕМБС, регистриран во надлежниот орган или регистар и електронско сандаче доколку е наведено во тековната состојба. Ако правното лице е застапувано од полномошник, прокурист и сл. покрај податоците за правното лице се внесува името, презимето, адресата и ЕМБГ за полномошникот, прокуристот и сл.

Рубрика 5: Висина на побарувањето - се внесува износот на главното побарување наведено во предлогот.

Рубрика 6: Датум на препраќање на предметот до надлежен суд и основ - се внесува датумот кога нотарот предметот го препраќа до надлежниот суд за понатамошно постапување и одлучување како да е поднесе-

на тужба, ако оцени дека предлогот за издавање на нотарски платен налог не е допуштен или основан. Како основ се наведува дека предлогот не е допуштен или не е основан.

Рубрика 7: Датум на враќање на предлогот на доверителот на доуредување - се внесува датумот кога нотарот ќе му го врати предметот на доверителот да го уреди според дадените насоки од нотарот.

Рубрика 8: Датум на повлекување или отфрлање на предлогот - се внесува датумот кога предлогот се смета за повлечен по барање на доверителот или доколку доверителот не ја плати судската такса. Во оваа рубрика се внесува и датумот кога нотарот ќе донесе решение за отфрлање на предлогот како неуреден согласно дадените насоки од нотарот.

Рубрика 9 : Датум на издавање на решение - се внесува датумот на издавање на решение од страна на нотарот за издавање на нотарски платен налог, кога предлогот е допуштен и основан.

Рубрика 10: Датум и основ за процесно решение – се внесува датумот на донесување на било кое друго процесно решение во оваа постапка.

Рубрика 11: Датум на поднесување на приговор - се внесува датумот кога е поднесен приговор до нотарот против решението за издавање на нотарски платен налог, како и датумот на поднесување на приговор против било кое друго процесно решение донесено во оваа постапка.

Рубрика 12: Датум на достава на списите до судот и основ - се внесува датумот кога нотарот ќе ги достави списите до основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кај кој е поднесен приговорот, за спроведување на постапка по повод приговорот и донесување на одлука согласно одредбите на Законот за парничната постапка за постапување по приговор за платен налог, ако до нотарот е поднесен навремен и допуштен приговор против решението кое го донел.

Рубрика 13: Датум на правосилност и извршност - се внесува датумот кога решението кој го донел нотарот станало правосилно и извршно. Доколку решението станало правосилно и извршно на различни датуми, се внесува датумот кога решението станало правосилно со назнака ,,правосилно,, и датумот кога решението станало извршно со назнака ,,извршно“,. Доколку решението делумно станало правосилно и извршно, се внесува датумот кога решението станало делумно правосилно и извршно со назнака ,,делумно,,.

Рубрика 14: Такса по тарифниот број - се внесува износ на наплатена такса со означување на тарифниот број и соодветниот пропис. Ако дејствието е ослободено од плаќање такси, се наведува прописот врз основа на кој е ослободено од плаќање такси.

Рубрика 15: Износ на награда по членот од Нотарската тарифа - се внесува износот на наплатена награда со означување на членот по кој е наплатена наградата на нотарот од соодветниот пропис. Ако дејствието е ослободено од плаќање награда, се наведува прописот врз основа на кој е ослободено од плаќање награда.

Рубрика 16: Движење на списот - се внесува дали списот е архивиран ставен во а/а или списот е доставен или препратен до судот за натамошно постапување со назнака ,,доставен“ или ,,препратен“ до суд.

Рубрика 17: Други забелешки - се внесуваат времетраењето на постапката пред нотарот од поднесување на предлог за издавање на нотарски платен налог до донесување на правосилно и извршно решение од нотарот со кое се издава нотарски платен налог и сите забелешки во врска со постапката за донесување на решение, причина за прецртување или поништување во рубриките и колоните, спојување на две последователни колони и други околности за кои нотарот ќе оцени дека се од значење за извршениот упис.

(2) Секој упис добива нов последователен реден број.

(3) Ако за еден упис е потребно да се внесува повеќе учесници, секој од учесниците се внесува во посебна колона.

(4) Редниот број, датумот и други податоци кои се идентични за целиот упис се внесуваат на првиот запишан учесник, а на другите колони се става знакот еднакво односно „дето” (- II -).

(5) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии од Уписникот за нотарски платен налог на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг сигурен медиум за чување на електронски податоци.

(6) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Депозитна книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености (ДК)

Член 24

(1) Депозитната книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености се води во електронска форма на авторизиран програм и содржи рубрики за: реден број; датум на преземање на депозитот; податоци за странката која го дала депозитот (име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице, адреса на физичкото лице или седиште на правното лице, ЕМБГ или ЕМБС); опис на депозитот и дејствија кои треба да се преземат; податоци за странката на која депозитот треба да се предаде (име и презиме и адреса, односно назив и седиште на странката на која треба да и се предаде депозитот); бројот на предметот во кој е даден депозитот и забелешка.

(2) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии од Депозитната книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености на компакт диск, ДВД, екстерн хард диск, УСБ или друг сигурен медиум за чување на електронски податоци.

(3) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Книга за потписи

Член 25

(1) Книгата за потписи се води во писмена форма според Образец бр.5 и ги содржи следните рубрики:

- Рубрика 1: Реден број – се внесува редниот број на уписот. Секоја календарска година започнува со реден број 1, па последователно според времето на уписот, секоја од уписите добива нов, нареден број.

- Рубрика 2: Датум на уписот – се внесува со арапски броеви, двоцифрено, денот и месецот и година кога е извршен уписот во уписникот.

- Рубрика 3: Податоци за учесникот во правната работа или службено дејствие - за физичко лице се внесува име и презиме. Ако физичкото лице е застапувано

од полномошник или законски застапник, покрај горните податоци се внесуваат истите податоци и за полномошникот или законскиот застапник За правно лице се внесува целосен или скратен назив на правното лице (како што е заведен во тековна состојба) или име и презиме на физичко лице кое го застапува и по кој основ.

- Рубрика 4: Скратен назив на нотарската деловна книга под кој е заведен предметот и под кој број и година на уписот.

- Рубрика 5: Потпис - своерачно се потпишува односно става свој ракознак физичкото лице или неговиот законски застапник или полномошник или застапникот по закон, полномошникот, прокуристот и сл. за правно лице. Под своерачен потпис се подразбира своерачно испишано цело име и презиме или скратен потпис.

(2) Во книгата за потписи се потпишуваат сите учесници или странки кои се запишани во Општиот деловен уписник и Уписникот за заверки и потврди.

Заеднички именик на странките за Општиот деловен уписник, Уписникот за протести, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за доверени работи, Уписникот за нотарски платни налози и Депозитната книга (ЗИ)

Член 26

(1) Во заедничкиот именик на странките за Општиот деловен уписник, Уписникот за протести, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за доверени работи, Уписникот за нотарски платни налози и Депозитната книга (во натамошниот текст: Заедничкиот именик) се запишуваат странките кои се запишани во уписниците определени со овој правилник .

(2) Заедничкиот именик се води во електронска форма на авторизиран програм и содржи рубрики за: реден број; податоци за странката (име и презиме или назив за правно лице,) која е запишана во Општиот деловен уписник, Уписникот за протести, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за доверени работи, Уписникот за нотарски платни налози и Депозитната книга; скратен назив на нотарската деловна книга во кој е заведен предметот и под кој број и година на упис; и место за буква.

(3) Во Заедничкиот именик се внесува секоја странка под буква која одговара на почетната буква на нејзиното презиме или називот на правното лице и уписникот во кој е заведен предметот и под кој број.

(4) Заедничкиот именик се води по азбучен ред.

(5) Заедничкиот именик се води во електронска форма, преку софтверска програма со чија помош по електронски пат се водат и се ажурираат уписите и се овозможува лесно и едноставно пребарување на уписите и учесниците во постапката кај нотар, најмалку по една основа од наведените: име, презиме, назив на правното лице.

(6) На крајот од секоја календарска година, треба да се направат најмалку две копии на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг медиум за чување на електронските податоци од годишниот заеднички именик, поединечно и во состав со уписите од претходните години.

(7) Копиите со електронски податоци се чуваат во трајната архива на нотарот, на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум и во Централната електронска нотарска архива на Нотарската комора.

Регистар на полномошна

Член 27

(1) Регистарот на полномошна се води од страна на Нотарската комора, во електронска форма.

(2) Од страна на Нотарската комора се изготвува електронско решение за водење на Регистарот на полномошна, по хронолошки редослед.

Член 28

(1) Регистарот на полномошна ги содржи следните податоци:

- име, презиме и ЕМБГ на лицето кое го дало полномошното или изјавата за отповикување на полномошното,

-број, датум и орган кој го заверил потписот на полномошното или изјавата за отповикување на полномошното.

(2) Податоците содржани во Регистарот на полномошна имаат информативно дејство.

Член 29

(1) Евидентирањето на полномошното или изјавата за отповикување на полномошното во Регистарот за полномошна се врши со поднесување на барање за евиденција во писмена или во електронска форма потпишано со електронски потпис, до Нотарската комора.

(2) Барање за евиденција доставуваат нотари и други лица.

(3) Барањето за евидентирање во електронска форма ги содржи следните податоци:

- името и презимето на нотарот кој извршил заверка на потписот на давателот на полномошното или изјавата за отповикување на полномошното и

- број и датум на заверката во Уписникот.

(4) Кога барањето од став (1) на овој член се поднесува од други лица, тоа може да биде во писмена или електронска форма и ги содржи следните податоци:

- име и презиме на лицето кое го дало полномошното или изјавата за отповикување на полномошното и

- датум на полномошното или изјавата за отповикување на полномошното и број и датум на органот кој го заверил полномошното или изјавата за отповикување на полномошното.

(5) Кон барањето за евидентирање се доставува и полномошното или изјавата за отповикување на полномошното, во писмена или електронска форма потпишано со електронски потпис.

(6) На крајот од секој работен ден, а најдоцна наредниот работен ден од страна на нотарот по електронски пат се поднесуваат барањата од став (1) на овој член до Нотарската комора, посебно за сите полномошна или изјави за отповикани полномошна кои нотарот ги заверил во текот на денот.

(7) По приемот на барањето за евидентирање на полномошното во Регистарот на полномошна, од страна на Нотарската комора се доделува евиденциски број, кој се состои од корисничкиот број на Регистарот и бројот на полномошното, а доколку се евидентира изјава за отповикано полномошно, изјавата се поврзува со истиот евиденциски број под кој е евидентирано полномошното кое се отповикува, а доколку нема таков број се доделува нов евиденциски број.

Член 30

(1) Пристап до податоците од Регистарот на полномошна имаат само нотарите при преземање на службените дејствија за конкретна правна работа.

(2) Нотарот кој ќе се посомнева дали е дадено полномошно или дали е отповикано полномошното, може да изврши проверка во електронскиот систем на Нотарската комора каде што се води Регистарот на полномошна.

Член 31

Податоците кои се потребни за евиденцијата во Регистарот на полномошна, промената во евидентираните податоци, барањето за евидентирање и одговорот се внесуваат во форматот утврден од страна на Нотарската комора.

Регистар на тестаменти

Член 32

(1) Регистарот на тестаменти се води од страна на Нотарската комора, во електронска форма.

(2) За водење на Регистарот на тестаменти од страна на Нотарската комора се изготвува електронско решение по хронолошки редослед.

Член 33

(1) Во Регистарот на тестаменти се евидентираат приватните и јавните тестаменти, дадените известувања за потребите на оставинска постапка врз основа на барање дали се чува и каде се чува тестаментот.

(2) Во Регистарот на тестаменти се евидентира фактот дали е составен тестаментот, каде се чува и дали е прогласен.

(3) Регистарот на тестаменти ги содржи следните податоци:

- реден број на уписот во регистарот,
- датум на поднесување на барањето за евидентирање на тестаментот во регистарот,
- име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот,
- податоци за подносителот на барањето за евидентирање на тестаментот во регистарот (име и презиме на физичко лице, односно назив и седиште на органот кој ги доставува податоците),
- датум на составување на тестаментот,
- место каде тестаментот е оставен на чување,
- датум на прогласување на тестаментот.

Член 34

(1) Во Регистарот на тестаменти се евидентираат и податоци за враќање на тестаментот, и тоа:

- кога судот, нотарот, адвокатот, физичко или правно лице или дипломатско-конзуларното претставништво го вратил тестаментот на тестаторот или на неговиот полномошник, кој се наоѓал кај нив на чување;
- кога тестаторот го отповикал својот тестамент пред лицето овластено за составување на тестамент;
- кога тестаментот е прогласен во оставинска постапка.

(2) Известување за враќање на тестаментот се доставува од:

- судот, нотарот или дипломатско конзуларно претставништво, кои го вратиле тестаментот или пред кои е отповикан тестаментот;
- судот или нотарот кои го прогласиле тестаментот;
- адвокатот кај кого тестаментот бил оставен на чување.

Член 35

(1) Евидентирањето на тестамент во Регистарот на тестаменти се врши со поднесување на барање за евиденција во писмена или во електронска форма потпишано со електронски потпис, до Нотарската комора.

(2) Барање за евиденција на тестамент доставуваат нотари, адвокати, основни судови, дипломатски-конзуларни претставништва и лица кои составиле тестамент.

(3) Барањето за евидентирање ги содржи следните податоци:

- име, презиме, ЕМБГ и адреса на завештателот,
- име и презиме на физичко лице, односно назив на органот кој ги доставува податоците,
- датум на составување на тестаментот,
- место каде тестаментот е оставен на чување,
- датум на прогласување на тестаментот, доколку тестаментот е прогласен.

(4) По приемот на барањето за евидентирање во Регистарот на тестаменти, од страна на Нотарската комора се доделува евиденциски број, кој се состои од корисничкиот број на Регистарот на тестаменти и бројот на тестаментот.

(5) Сите писмена кои се однесуваат на Регистарот на тестаменти, се упатуваат на Нотарската комора, во писмена или електронска форма.

Член 36

(1) Сите промени после евидентирањето на тестаментот во Регистарот на тестаменти се запишуваат под ист евиденциски број на тестаторот.

(2) Ако е потребна исправка во евиденцијата, тогаш се поднесува барање за исправка на податоците во регистарот.

(3) За сите уписи или барања кои се однесуваат за исправка се плаќа надомест, освен ако грешките се причинети од страна на Нотарската комора.

Член 37

(1) Пристап до податоците од Регистарот на тестаменти имаат лицата од член 35 став (2) од овој правилник, врз основа на поднесено барање во писмена или електронска форма.

(2) Податоци од Регистарот на тестаменти се издаваат во писмена или електронска форма во форма на одговор, најдоцна осум дена од приемот на барањето.

Член 38

(1) За секое поднесено барање се постапува по претходно платен надоместок, освен ако барањето е поднесено од суд или дипломатско-конзулатно претставништво на Република Македонија.

(2) Барањето за упис во Регистарот на тестаменти и упис на промени, како и одговорот и надоместокот кој се уплатува за упис, промени и исправки во Регистарот на тестаменти се изготвуваат во форматот утврден од страна на Нотарската комора.

Книга на депонирани потписи (КДП)

Член 39

Книгата за депонирани потписи се води во писмена форма според Образец бр.6 и содржи рубрики за: реден број; датум на депонирање; назив и седиште на правното лице чии што законски застапник е лицето што го депонира потписот; функцијата на лицето што го депонира потписот; име и презиме, занимање и адреса на лицето кое што го депонира потписот; датум и место на раѓање и документ врз основа на кој е извршена идентификација (лична карта или патна исправа број, орган што ја издал и датум на издавање); број на актот со кој лицето е избрано или именувано; број, датум на регистрација и орган кој ја заверил; потпис и параф на

лицето кое го депонира потписот; установа во која е извршено депонирањето на потписот; лице пред кое е извршено депонирањето на потписот (претседател на Нотарската комора на Република Македонија); забелешка (евентуалната промена на генералиите на лицето што го депонирало потписот и други промени); и датум на престанок на функцијата на лицето кое што го депонира потписот.

Именик на нотари (ИН)

Член 40

Именикот на нотари се води во електронска форма и содржи рубрики за: име и презиме на нотарот; седиште за подрачјето на основниот суд за кое е именуван; датум на положен испит за рангирање на нотар (ден, месец, година); датум на положен стручен испит за проверка на знаењата (ден, месец, година); решение за именување на нотарот (ден, месец, година); свечена изјава и повелба за поставување на нотарот (ден, месец, година); и започнување со работа (ден, месец, година). Именикот содржи и рубрики за отсуствата на нотарот; престанување на службата на нотарот (оставка, разрешување, изречени дисциплински мерки и промени во упис); и забелешки.

Именик на помошници-нотари (ИПН)

Член 41

Именикот на помошници-нотари се води во електронска форма и содржи рубрики за: реден број; име и презиме на помошник - нотарот; име и презиме на нотарот кај кого работи помошник-нотарот; датум на положен испит за помошник нотар (ден, месец, година); датум и број на решението за именување на помошник - нотар (ден, месец, година и број на решение); датум на дадена свечена изјава на помошник-нотарот пред претседателот на Нотарската комора на Република Македонија (ден, месец, година); престанок на работа на помошник-нотарот (ден, месец, година); забелешки; и уписот во именикот го одобри и потврди претседателот на Нотарската комора на Република Македонија.

Именик на заменици-нотари (ИЗН)

Член 42

Именикот на заменици-нотари се води во електронска форма и содржи рубрики за: реден број; име и презиме на заменик - нотарот; име и презиме на нотарот кој го заменува заменик - нотарот; датум на положен испит за заменик-нотар (ден, месец, година); датум и број на решението за именување заменик-нотарот (ден, месец, година, број на решението и орган); датум на дадена писмена изјава на заменикот - нотар пред претседателот на Нотарската комора на Република Македонија (ден, месец, година); датум на депонирање на потпис и печат на заменик-нотарот пред претседателот на Нотарската комора на Република Македонија; датум на престанок на службата на заменик - нотарот; (ден, месец, година и назив на органот); забелешки; и уписот во именикот го одобри и потврди претседателот на Нотарската комора на Република Македонија.

Именик на нотарски приправници (ИНП)

Член 43

Именикот на нотарски приправници се води во електронска форма и содржи рубрики за: реден број; име и презиме на нотарот кај кого е вработен нотарскиот приправник; датум на дипломирањето на нотарскиот приправник (ден, месец, година); датум на вработувањето на нотарскиот приправник (ден, месец, година); датум на доставувањето на потврдата од нотарот до Нотарската комора на Република Македонија (ден, месец, година); датум на извршен надзор од Нотарската комора на Република Македонија над стручното оспособување (ден, месец, година); датум на престанок на работниот однос (ден, месец, година); датум на завршување на приправничкиот стаж (ден, месец, година); забелешки; и уписот во именикот го одобри и потврди претседателот на Нотарската комора на Република Македонија.

Именик на нотарски стручни соработници (ИНСС)

Член 44

Именикот на нотарски стручни соработници се води во електронска и содржи рубрики за: реден број; име и презиме на нотарскиот стручен соработник; име и презиме на нотарот кај кого е вработен стручниот соработник; датум на дипломирањето на стручниот соработник (ден,месец, година); датум на вработувањето на стручниот соработник (ден, месец, година);датум на положен испит за нотарски стручен соработник (ден, месец, година); датум на престанок на работниот однос (ден, месец, година); забелешки; и уписот во именикот го одобри и потврди претседателот на Нотарската комора на Република Македонија.

Именик на нотари кои привремено ја вршат службата (ИНПС)

Член 45

Именикот на нотари кои привремено ја вршат службата се води во електронска форма и содржи рубрики за: реден број; име и презиме на нотарот кој привремено ја врши службата; име и презиме на нотарот во чие име се врши службата; датум и број на решението за престанок на службата на нотарот во чие име ја врши службата (ден, месец, година и број на решение); датум и број на решението за определување на нотар кој привремено ја врши службата (ден, месец, година и број на решение); датум на давање на писмена изјава на нотар кој привремено ја врши службата пред претседателот на Нотарската комора на Република Македонија (ден, месец, година); датум на депонирање на потпис и печат пред претседателот на Нотарската комора (ден, месец, година); датум на известување на министерот и надлежниот суд за поставување на нотар кој привремено ја врши службата (ден, месец, година); датум на престанок на службата на нотарот кој привремено ја врши службата (ден, месец, година и назив на органот); забелешки; и уписот во именикот го одобри и потврди претседателот на Нотарската комора на Република Македонија.

Член 46

Од страна на нотарот предметите се земаат во работа според редот на приемот, освен ако природата на дејствието или посебните околности бараат да се постапи поинаку.

Член 47

(1) Писмената во нотарската канцеларија се примаат во работното време.

(2) Примањето на писмената непосредно од странките, може да се ограничи на работното време определено за примање на странките.

Член 48

(1) Писмената во нотарската канцеларија се примаат од страна на нотарот или лице вработено во неговата канцеларија кое за тоа е посебно овластено од нотарот.

(2) Ако примањето на писмената е врзано за преземање на некое службено дејствие, писменото наместо нотарот може да го преземе само лице овластено за преземање на тоа дејствие.

(3) Поштенските пратки се преземаат од страна на нотарот или лице вработено во неговата канцеларија кое за тоа е посебно овластено.

Член 49

(1) Од страна на нотарот се определува лице за отворање на поштата во неговата канцеларија.

(2) Обвивката на писмото се отвора така што да не се оштети поштенскиот печат и жиг.

(3) За правилно вршење на службата (утврдување на рок, датум и сл.), кога тоа е неопходно, кон писменото се приложува и обвивката во кое било писменото.

(4) Содржината на обвивката (бројот на писмената и прилозите) се утврдува со забелешка за прием или со посебен записник со кој се приложува обвивката и примените писмена.

(5) Посебен записник се составува особено ако содржината на обвивката не се поклопува со назнаката на обвивката и кога пакет или друга пошта се примени оштетени, а постои сомневање за неовластено или злонамерно отворање.

(6) Посебен записник составува нотарот или лицето кое е овластено да го замени нотарот во преземањето на определени нотарски дејствија.

(7) Ако во една обвивка пристигнале повеќе писмена, обвивката се приложува кон едно од писмената, а на другите писмена под белешката за прием се означува списот во кој обвивката се наоѓа.

(8) Ако обвивката на препорачаната пошта или онаа на која е означена вредноста е оштетена, од страна на нотарот или овластеното лице се презема пратката откако ќе се утврди нејзината содржина, за што се составува записник.

Член 50

(1) На примерокот на писменото наменето за нотарот се става забелешка со штембил за прием на писмено односно приемен штембил (Образец бр.3 од ППЖШ), по правило на задната страна од писменото.

(2) Забелешката за прием од став (1) на овој член содржи име и презиме на нотарот и назначување на неговото седиште, ден, месец и година на приемот и податоци за начинот на приемот (на пример: „непосредно", „обична пратка", или „препорачана пратка" и сл.), за бројот на примероците и прилозите, за тоа дали и како за писменото е платена такса, дали стигнало отворено или е со оштетена обвивка, датум кога е предадено со препорачана пратка, дали е таксирано или е примено без такси, за можните предмети и готови пари кои се доставени со пратката и сл.

(3) Ако поштенската пратка е испратена препорачано, забелешката содржи и датум на поштенскиот жиг, како и пратката која е означена на денот на предавањето на поштата.

(4) Ако на поштенскиот жиг поради нејаснотија не може да се утврди денот на

предавањето на поштата, тоа се означува на писменото.

(5) Ако при отварањето на пратката се утврди дека со писменото се испратени пари или друга вредност, се составува посебен записник во кој се утврдува износот на парите односно на другата вредност.

(6) Утврдениот износ на парите односно на другата вредност по извршениот упис на писменото во соодветен уписник се запишуваат и во Депозитната книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености.

(7) Под забелешката за приемот се означува бројот на Депозитната книга за преземени и издадени туѓи пари, хартии од вредност и скапоцености.

(8) Недостигот и неправилностите утврдени при отворањето на пратката, ако нема причини за составување на посебен записник согласно став (5) на овој член, треба да се утврдат со кратка забелешка која се составува непосредно со ставање на штембил (на пример: ако на писмената му недостигаат прилози се става „примено без прилози", а ако не му недостигаат прилози, треба да се наведе нивното име и сл.).

(9) Ако во обвивката се најде писмено адресирано на друг нотар, на суд, на друг државен орган, на правно или физичко лице се става соодветна забелешка под забелешката за прием (на пример: „погрешно доставено") и писменото се упатува на адресатот.

(10) Забелешката за прием се става со штембил за прием на сите пратки.

(11) Лицето кое во нотарската канцеларија ја примило писмената пратка, по барање на подносителот, му издава потврда за приемот на пратката заверена со штембил за прием на копијата на предаденото писмено или со ставање на потпис и печат на нотарот во предадената книга на доносителот, ако во неа се точно наведени писмената кои се предаваат, бројот на примероците, рубриките итн. или со издавање на потврда за применото писмено.

(12) Ако со писменото е приложена доставница, приемот на писменото се потврдува на доставницата со ставање на датум и потпис, а потврдената доставница веднаш му се враќа на испраќачот.

(13) Забелешките од став (1) до (12) на овој член се потпишуваат од страна на лицето кое го примило писменото.

Член 51

(1) Судската такса во готови пари за нотарската услуга се плаќа така што нотарот ја наплаќа судската такса од таксениот обврзник во готови пари што го евидентира засебно во издадената фискална сметка.

(2) Наплатените судски такси во текот на работното време или најкасно наредниот работен ден, од страна на нотарот се уплатуваат на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет на образец ПП-50 налог за јавни приходи. Од страна на нотарот се изготвува дневна спецификација за предметите за кои извршил уплата на судска такса. Копија од уплатницата и примерок од дневната спецификација се приложуваат кон секој предмет за кој е платена судска такса.

Член 52

(1) Доставата на писменото се констатира со посебна доставница приклучена кон предметот заради кој се врши доставата.

(2) Писмената за кои е потребен доказ за прием се доставуваат со доставница односно повратница до странките и другите лица.

(3) На доставницата односно повратницата од став (2) на овој член се назначува името и презимето, адресата на примателот и датум на писменото што се доставува со бројот на списите и името на нотарот.

Член 53

Нотарот ги составува, води и чува своите списи согласно Законот за нотаријатот и одредбите на овој правилник, ако со посебни прописи за определен вид на списи поинаку не е определено.

Член 54

(1) Писмената за кои нотарот прави заверки и потврди и се запишуваат во Уписникот за заверки и потврди, се чуваат без формирање на посебна обвивка на списи, со уредно последователно редење на заверките по реден број во соодветни регистратори.

(2) Полномошната и другите списи како прилози кон писменото што се заверува, се спојуваат со писменото.

(3) Писмената што ги изготвува нотарот, а се запишуваат во Општиот деловен уписник или другите уписници, освен Уписникот за заверка и потврди и Уписникот за протести, формираат посебен спис и за нив се прави посебна обвивка на списи.

(4) Писменото за кое треба да се оформи нов спис се запишува истиот ден кога е примено во соодветниот уписник и именик.

(5) Писменото за кое треба да се оформи нов спис се става во обвивка за списи и се запишува во пописот на писмената, кој е отпечатен на внатрешната страна на обвивката на списот.

(6) Откако се пополни пописот на писменото на обвивката на списот, кон списот се приложува лист за продолжување на пописот на писмената на кој се продолжува запишувањето на писмената.

(7) На обвивката на списот во горниот лев агол отпечатена е или со штембил е означена нотарската канцеларија, во горниот десен и долниот лев агол се запишува ознаката и бројот на списот, а на средина се запишуваат податоците за предметот и странките (Образец бр.7).

(8) Пописот на писмена содржи рубрики за: реден број; датум на приемот или составувањето на писменото кај нотарот; кратки ознаки на содржината; број на прилози; број на листови и забелешка (Образец бр.8).

Член 55

На секој предмет за кој се формира спис се става ознака која се состои од кратенка на името на уписникот во кој е запишан со големи букви, редниот број на уписот и последните два броја на годината во која предметот е внесен во уписникот.

Член 56

(1) Прилозите со одделни писмена се стават во обвивката на списот заедно со писменото на кое се однесуваат.

(2) Прилозите се наведуваат во самата нотарска исправа на кој се однесуваат, а доколку не се наведени во нотарската исправа се означуваат со деловниот број на соодветното писмено со ставање на голема буква во азбучниот ред на секој прилог посебно.

(3) Другите прилози, кои поради формата или видот не можат да се стават во списот, се чуваат одвоено, а на писменото со кое биле приложени и во пописот на писмената се става забелешка за тоа каде се чуваат тие прилози.

(4) Во пописот на писмената, со реден број на писменото на кое се однесуваат прилозите, се наведува бројот на прилозите во посебна рубрика определена за евидентирање на прилозите, а по потреба и назначување на буквите со кои прилозите се обележани.

Член 57

Од страна на нотарот и лицата вработени во неговата канцеларија внимателно се чуваат сите писмена во списите, уредно запишувајќи ги во пописот на писмената и назначувајќи ги со правилни ознаки.

Член 58

(1) Ако во текот на работата се јави потреба врз определен предмет да се промени ознаката на списот, на обивката се прецртува ознаката на поранешниот спис, а под неа се запишува новата ознака.

(2) Во уписникот во кој била внесена поранешната ознака на предметот се назначува новата ознака на списот.

(3) Соодветна промена на ознаката на списот се врши и во имениците во кои списот бил запишан со поранешната ознака.

Член 59

(1) Во случај на потреба, заради спроведување на единствена постапка или функционална поврзаност на актите, може да се изврши спојување на повеќе списи во единствен спис.

(2) Спојувањето во единствен спис се врши со спојување на подоцна примените списи кон најстариот спис или со приклучување на анексите и додатоците на главниот предмет кон главниот предмет, доколку од природата на правното дело не произлегува нешто друго.

(3) По извршеното спојување во уписниците во кои се заведени одделните списи во рубриката за забелешки се запишува ознаката на единствениот спис, додека во уписникот во кој се води единствениот спис во рубриката за забелешки се констатира спојувањето на одделните списи со запишување на ознаките на одделните списи кои се припојуваат, односно, кај предметот што е приклучен кон главниот се наведува бројот на главниот предмет, а кај главниот предмет се запишуваат ознаките на анексите и додатоците на главниот предмет што се приклучуваат кон главниот предмет.

Член 60

(1) Ако нотарот одлучи да ги раздвои споените списи или да издвои дел од еден спис, во раздвоениот или издвоениот спис го става писменото кое се однесува само на него, а останатите писмена кои се потребни за издвоениот спис се препишуваат или фотокопираат, се заверуваат и приложуваат во издвоениот спис.

(2) Раздвоениот или издвоениот спис се запишуваат во соодветен уписник под нов реден број и добиваат нова ознака, ако порано не ја имале.

(3) Раздвојувањето и издвојувањето на списите се запишува во соодветните уписници и имениците.

Член 61

(1) Кога еден спис се приложува кон друг заради увид или од други причини, во пописот на писмената на главниот спис се назначува приложениот спис како прилог на писменото на кое се наоѓа одредба за прилагање на списот.

(2) На обвивката на главниот спис на кој е приложен друг спис се наведува ознаката на списот кој му е приложен.

(3) Податоците за движењето на списот кој се приложува се забележуваат во соодветните рубрики на Уписникот во кој е упишан.

(4) Ако од некој спис се издвои некој дел, во основниот спис на соодветно место се става забелешка за тоа каде се наоѓа тој спис.

Член 62

(1) Ако списот привремено се доставува на увид на судот или на друг државен орган или се приложува во друг спис, во уписникот во соодветна рубрика за движење на списи, се назначува датумот кога и кому списот му е доставен и денот на враќање на предметот.

(2) Доставениот или привремено приложениот спис се запишува во пописот на испратените и приложени списи кои треба да се вратат.

Член 63

(1) Вратените доставници и повратници со кои е потврдено извршеното доставување се стават веднаш во списот на кој се однесуваат.

(2) Доставниците и повратниците кои служат како доказ за врачување на пратките врзани со рок, се приложуваат во списот односно се припојуваат на изворникот на актот, записникот или на друго писмено на кое се однесуваат и се чуваат во списот.

Член 64

Исправи, готови пари, хартии од вредност и други предмети од вредност (нотарски депозити) се примаат во нотарската канцеларија, по правило, во работното време.

Член 65

(1) Нотарскиот депозит го презема лично нотарот.

(2) Нотарскиот депозит може наместо нотарот да го преземе и лице вработено во неговата канцеларија, кое според Законот за нотаријатот е овластено да го преземе тоа службено дејствие.

(3) Лицето кое го презело депозитот без одлагање го запишува депозитот во депозитната книга.

Член 66

(1) Исправите се попишуваат така што се наведува нивното својство, издавачот, датумот и местото на издавање, како и други податоци.

(2) Исправите се евидентираат поединечно, без означување на вредноста.

Член 67

(1) Хартиите од вредност се попишуваат врз основа на податоците кои ги содржат, во зависност од нивниот вид.

(2) Ако е можно се запишува и државата во која хартијата од вредност е издадена, името и називот на издавачот, серијата и бројот на хартијата од вредност, износот на кој талонот гласи, купоните кои се поврзани со хартијата од вредност и датумот кога треба да се исплати или реализира првиот купон.

(3) Ако хартијата од вредност е издадена во Република Македонија, нејзината вредност се означува во номинала.

(4) Ако хартијата од вредност ги нема сите купони, односно ако при впаричувањето на купонот освен каматата се исплати и дел од главницата, како вредност се означува смалената вредност на хартијата од вредност.

(5) Ако на хартијата од вредност која е издадена во странство не може веднаш да се утврди вредноста со домашна валута, се изведува нејзината номинална вредност.

Член 68

(1) Готови пари како депозит се примаат преку овластена организација преку која се врши платниот промет, банка, пошта или непосредно во нотарската канцеларија.

(2) Од страна на нотарот не се примаат уплати во готови пари директно од странката, туку странката се упатува да изврши уплати на негова посебна депозитна сметка за трети лица.

(3) Во оправдани случаи, од страна на нотарот може и непосредно да се примат готови пари, за што на странката и се издава потврда, а копија од потврдата задржува како благајнички документ.

(4) Готовите пари веднаш, а најдоцна првиот наредeн работен ден се уплаќаат на посебната депозитна сметка за трети лица.

(5) Ако целта на пратката не може да се утврди, односно ако не може да се утврди за која правна работа примените готови пари или вредности се однесуваат, се повикува испраќачот најдоцна до три дена да објасни на што се однесува уплатата, со предупредување дека испратените пари ќе му се вратат на негов трошок ако не се отповика на поканата.

(6) Од страна на нотарот треба да се отвори посебна депозитна сметка за трети лица, чии средства не можат да бидат предмет на извршување во било која постапка.

Член 69

(1) Ако предметот на депозитот е странска валута, во пописот се наведува името на државата во која валутата е во важност како законско средство на плаќање, номиналната вредност на странската валута, името на издавачот, серијата и бројот, како и евентуални други податоци.

(2) Странската валута треба да се уплати од страна на нотарот најдоцна наредниот ден од денот на приемот на посебна девизна депозитна сметка за трети лица, чии средства не можат да бидат предмет на извршување во било која постапка.

Член 70

(1) Штедните и вложните книшки се попишуваат така што се наведува името на правното лице кое ги издало, името на вложувачот, бројот на штедната или вложната книшка и салдото на кое книшката гласи, а евентуално и посебен знак.

(2) Вредноста на штедната или вложната книшка се наведува според салдото кое го покажува состојбата во книшката во номинален износ, ако се работи за штедна или вложна книшка на домашно правно лице.

(3) Ако штедната или вложната книшка ја издало странско правно лице, а не може да се утврди нејзината вистинска вредност, се изведува нејзината номинална вредност од странска валута.

Член 71

(1) Примањето на скапоцености во присуство на странката го попишува нотарот или лице вработено во неговата канцеларија овластено за преземање на тие дејствија.

(2) Примените предмети се попишуваат поединечно со ознака и спецификација какви скапоцености се тие, количина, тежина, обем, форма и слично, така што да се исклучи секоја можност на замена.

(3) Записникот за попис се составува во два примероци, од кои едниот се остава во соодветниот спис, а другиот во обвивката со попишаните скапоцености.

(4) Ако пописот од која било причина не може да се изврши, се определува судски вештак кој утврдува за какви скапоцености се работи.

(5) По пописот, скапоценостите ги проценува проценител според пазарната вредност што ја имаат во оној ден кога се примени.

Член 72

(1) Готовите пари кога се дадени како депозит, нотарот ги чува на своја посебна депозитна сметка за трети лица во банка или друга финансиска организација.

(2) Нотарот готовите пари ги чува во својата благајна, само ако готовите пари што ги примил непосредно од странката или преку пошта треба веднаш да ги исплати.

(3) Ако преземениот износ не може да биде исплатен најдоцна до пет дена од денот на приемот, или ако преземениот износ не може да се задржи во нотарската благајна заради пописи за благајничкиот максимум, средствата се депонираат на посебна депозитна сметка на нотарот за трети лица во банка.

(4) Предметите од вредност, готовите пари, хартии од вредност и исправите кои се чуваат во нотарската благајна или во сеф во банка, се стават во посебни обвивки на кои на надворешната страна се испишува деловниот број на списот, правната работа на која се однесуваат, понатамошна спецификација на содржина на обвивката, име и презиме, односно име или фирмата на депонентот.

(5) Заедно со нотарскиот депозит, во обвивката се става примерок од записникот за пописот и проценатa.

(6) Странската валута нотарот ја чува согласно став (4) на овој член, или на своја посебна девизна депозитна сметка за трети лица во банка.

(7) Ако странската валута се чува на девизна сметка во банка, примањето, чувањето и издавањето на странската валута се спроведува според прописите за девизно работење.

(8) Евиденцијата за чување и издавање на странска валута, со посебна девизна сметка од нотарот за странката, се води согласно одредбите на овој правилник и прописите за девизното работење.

Член 73

(1) Депозитите кои заради својот обем и големина не можат да се чуваат во сеф или трезор кај нотарот или во банка, се доверуваат на чување на лице кое според посебни прописи е овластено за чување на такви депозити.

(2) Пред да се предаде предметот на депозитот на одредено лице за чување, се врши попис и процена на депозитот од овластен проценител и за тоа нотарот составува записник во три примероци, од кои еден приложува во соодветниот спис, еден предава на странката, а третиот го предава на чуварот заедно со предметот на депозитот.

Член 74

(1) Готовите пари, хартиите од вредност, предметите од вредност и исправите што се чуваат на посебна сметка кај нотарот за други лица во банка или во сеф на банка, му се издаваат на нотарот.

(2) Готовите пари му се исплатуваат на нотарот на благајна, по пошта или преку банка.

(3) Готовите пари кои се наоѓаат на посебна сметка на нотарот за други лица во банка му се исплатуваат врз основа на соодветен налог на нотарот.

(4) Хартиите од вредност и предметите од вредност се издаваат непосредно на корисникот или лицето овластено од него.

(5) За издавањето на хартиите од вредност и предметите од вредност непосредно на корисникот или лице овластено од него се составува посебен записник, кој го потпишува корисникот.

(6) Записникот од став (5) на овој член се чува и како книговодствена исправа.

(7) Лицето на кое му е доверено чување на депозит може депозитот да го издаде само на лицето кое за тоа е овластено од нотарот, во согласност со условите и на начин кој го одредил нотарот, односно во согласност со договорот за депозит.

(8) Пречките при издавање на нотарскиот депозит или за одделни правни работи во врска со нив (забрана на оттуѓување или оптоварување, право на уживање, исполнување наналогот по тестамент и сл.) или за одделни работи на ракување кои се повторуваат, се евидентираат со црвено мастило во забелешка во насловот на соодветниот контовник.

(9) Решението со кое се определува извршување со продажба на депозитот се доставува на нотарот, кој во насловот на соодветниот контовник забележува дека на депозитот е определено извршување.

Член 75

За водење на деловните книги за материјалното и финансиското работење со странките на соодветен начин се применуваат прописите со кои се уредува водењето на деловните книги за материјалното и финансиското работење во судовите.

Член 76

(1) По потреба, заради успешно вршење на определени службени дејствија нотарот ги презема тие дејствија и надвор од нотарската канцеларија.

(2) Нотарот презема дејствија надвор од нотарската канцеларија, по правило, надвор од времето определено за прием на странки во канцеларијата, освен ако природата на дејствието или посебните околности бараат да се постапи поинаку.

Член 77

(1) Нотарот, при наплата и евиденција на наплатата на судските такси за преземените службени дејствија, постапува согласно Законот за нотаријатот и Законот за судските такси и Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет.

(2) Ако таксата е платена во готови пари во спецификацијата кон предметот се назначува датумот на уплатата и бројот на сметката во чија корист е платена таксата.

(3) Ако заверката е ослободена од плаќање такси во соодветниот уписник се наведува прописот врз основа на кој заверката е ослободена од плаќање такси.

(4) Списокот не може да се архивира додека нотарот не утврди дека сите потребни такси се наплатени, односно дека е покренатa постапка заради нивна присилна наплата.

Член 78

(1) Ослободувањето од плаќање на такси и други трошоци се назначува на обвивката во списокот на левиот горен агол, а на писмената на последната страница во списокот со ставање на штембил за одобрено ослободување од плаќање на трошоци-такси (Образец бр. 5 од ППЖШ).

(2) Ако странката е ослободена од плаќање на трошоци за преземање на службени дејствија за кои нотарот може да бара надомест од судот, во списокот се приложува попис на трошоци, во кој се запишуваат трошоците.

(3) Пописот на трошоци, нотарот го приложува на барање на судот за надоместок на трошоци.

Член 79

(1) Ако нотарот во врска со преземање на определени службени дејствија е овластен да побара од странката полагање на одреден аванс, тој на странката, по нејзино барање и предава писмена покана за уплата на име и презиме, односно фирма и адреса, краток опис на дејствието што треба да го преземе, износ кој треба да се авансира, како и рокот до кој треба авансот да се депонира.

(2) Откако странката го депонира авансот, од страна на нотарот се издава потврда за тоа, во која го наведува депонираниот износ.

Член 80

(1) Откако службеното дејствие по кој повод списокот е основан е завршено, од страна на нотарот се прегледува списокот и ако се утврди дека во него се наоѓаат сите писмена кои треба да се наоѓаат во него, сите доставници и повратници за извршените достави, како и дека се наплатени таксите, односно дека е покренатa постапка за нивна наплата, се архивира предметот.

(2) Преписи од списите на оставинските предмети што се враќаат на чување во судот можат да бидат во пишана или електронска форма.

(3) Преписот во пишана форма се прави со фотокопирање на сите акти, прилози и доставници содржани во предметот, вклучувајќи ја и обвивката на списите кои се архивираат во посебни фасцикли во општиот архив на нотарот.

(4) Преписот во електронска форма се прави со скенирање на сите акти, прилози и доставници содржани во предметот, вклучувајќи ја и обвивката на списите и нивното снимање на минумум две копии на компакт диск, ДВД, екстерен хард диск, УСБ или друг соодветен и сигурен медиум за чување на електронски податоци кои се чуваат во трајната архива на нотарот на начин и во услови соодветни за сигурно чување на таков медиум.

(5) Списите се архивираат со сложување во посебни фасцикли за определени видови на уписници, според редните броеви за одредени години.

(6) На предната страница на фасциклата се става ознака на уписникот, како и броевите на список кои во него се наоѓаат.

(7) Списите се архивираат и чуваат во општ архив, кој може да биде посебна просторија во рамките на канцеларијата на нотарот, со вградени полици, специјално направени за таа намена, согласно прописите за заштита од пожар, оштетување или во соодветен орман, така што да бидат заштитени од влага, пожар, прашина, губење и оштетување.

(8) Во општата архива се чуваат уписници, именици, други помошни книги, односно евиденции и списи.

(9) Од страна на нотарот се водат прегледни табели со податоци каде се чуваат определени видови на списи.

(10) Одделни списи од историско, научно, или културно значење можат да се чуваат издвоено од другите списи во посебна полица, посебен орман, каса или трезор, средени по години и по нивното значење во посебни фасцикли на кои од надворешната страна се означува годината на списокот што се наоѓа во фасциклата.

(11) Во општата архива на местото на кое би требало да се чуваат издвоени списи, се става лист хартија со забелешка за местото каде списокот се чува, а во уписникот во кој е запишан списокот се назначува каде се наоѓа тој.

Член 81

(1) Списите ставени во архивата се средуваат во соодветни ормани на полици и сл., така што да бидат заштитени од влага, пожар, прашина, губење и оштетување.

(2) Архивскиот материјал (одделни списи, група на списи, уписници, именици и други помошни книги) се чува и издава според посебни прописи за чување, собирање и повремено издавање на архивскиот материјал согласно Законот за архивски материјал, како и според одредбите од овој правилник.

(3) Трајно се чуваат уписниците, книгите и именици кои нотарот ги употребува согласно Законот за нотаријатот и одредбите на овој правилник, сите нотарски акти, како и потврдени (солемнизирани) исправи кои се однесуваат на располагање со недвижности, списите за доверување на изјавата на последна волја, други списи кои заради својата содржина или лицата на кои се однесуваат се од посебно историско, научно или политичко значење.

(4) Списите за договорен залог се чуваат пет години по доспеаноста на побарувањето.

(5) Списите за нотарски платен налог се чуваат три години по правосилност и извршност на решението за нотарски платен налог.

(6) Списите за заверка и потврда се чуваат три години.

(7) Копии од списите за доверени работи како и списите за кои се води постапка пред судот или друг орган се чуваат онолку време, колку што се чуваат и изворните списи кај судот или кај друг орган.

(8) Сите останати списи се чуваат пет години.

Член 82

(1) Ако некој спис или одделни писмена се изгуби, уништи или во значителна мера се оштети со тоа што станува неупотреблив, се врши обновување на списите.

(2) Кога се во прашање предмети по кои постапувањето на нотарот е во тек, веднаш се врши нивно обновување.

(3) За обновувањето се одлучува од страна на претседателот на основниот суд на подрачјето на кое е седиштето на нотарот по предлог на нотарот, на заинтересираната странка или орган со јавни овластувања.

(4) Ако се работи за предмети по кои постапката е завршена, обновувањето се поведува доколку постои интерес. Странките се повикуваат да ги достават преписите од нотарските исправи и другите списи со кои располагаат.

(5) Обновување на предмети не се врши ако е изминат рокот за кој согласно постојните прописи е предвидено чување на такви предмети и за тоа нотарот го известува барателот.

(6) Се обновуваат само списите кои се од битно значење за постапувањето на нотарот.

(7) Со обновувањето наместо изгубениот, оштетениот или уништениот спис се основа нов спис или писмено.

(8) Новиот спис ја носи ознаката која ја имал списот или писменото што се обновува.

(9) Спроведувањето на одделни дејствија при обновувањето на списот или писменото, од страна на претседателот на основниот суд може да се довери на нотарот чиј спис или одделно писмено треба да се обнови, заменикот-нотар или нотарот кој привремено ја врши службата, на друг нотар од тоа подрачје или на одреден судија на тој суд.

(10) Обновувањето се врши врз основа на преписи од изгубените, уништените или оштетените списи со кои странката или нотарот располагаат, податоци од уписниците и помошните книги, електронски записи од електронската евиденција на нотарот, а по потреба и врз основа на изјави од странките, застапниците или другите учесници кои учествувале во постапката пред нотар.

(11) Кога за одделени дејствија нема податоци, а изјавите на наведените лица не се идентични, тие дејствија се повторуваат.

(12) Странките се известуваат само за губењето на оние списи по кои постапката е во тек, при што воедно се повикуваат да ги достават преписите од списите со кои располагаат.

(13) По завршувањето на обновувањето, основниот и обновениот спис ја носат ознаката на списот по кој е вршено обновување.

(14) За обновување на списите со попис на обновените писмена на тој спис, се донесува решение од страна на претседателот на надлежниот суд.

(15) Обновувањето на нотарските списи и исправи е на трошок на нотарот кај кој се наоѓала исправата или списот кога се изгубил, уништил или во значителна мера оштетил.

Член 83

(1) Нотарот ги собира, средува и ги доставува статистичките податоци за својата работа на пропишани отпечатени обрасци (статистички листови, извештаи и сл.).

(2) Статистичките извештаи се пополнуваат согласно прописите врз основа на податоците од одделните уписници, списи и на друг начин.

(3) Пополнетите, статистички листови и извештаи се доставуваат на писмено барање на надлежните државни органи во определени рокови.

Член 84

За прашањата кои не се уредени со овој правилник, се применуваат одредбите од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" бр.66/13 и 114/14).

Член 85

Обрасците од број 1 до 8 се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

V. Преодни и завршни одредби

Член 86

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност, и нивното издавање и преземање, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/10 и 38/12), освен одредбите од членовите 5 ставови 4 и 5, 8, 9,10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 23-а, 24, 25, 26, 27, 27-а, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 кои ќе продолжат да се применуваат до целосно воспоставување на водењето на уписниците, книгите и имениците во електронска форма на авторизиран програм, а најдоцна до 30 јуни 2017 година.

Член 87

Уписниците, книгите и имениците кои се воделе според Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност, и нивното издавање и преземање, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/10 и 38/12), ќе се заклучат на 30 јуни 2017 година и ќе се стават надвор од употреба, иако тие не се целосно исполнети.

Член 88

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), освен одредбите од членовите член 5 ставови (4) и (5), 8, 9,10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44 и 45 од овој правилник кои ќе отпочнат да се применуваат од 01 јули 2017 година.

Бр. 01-4719/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

Образец бр.1

УПИСНИК ЗА ЗАВЕРКА НА УПИСНИЦИ И КНИГИ (УЗУК)

Година 20_____ Страница _____

Ред. број	Датум на прием	Назив на Уписникот или Книгата	Име, презиме и адреса на нотарот	Датум на заверка	Датум на враќање	Датум кога се исполнети	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8

Формат (295 x 420 мм)

Образец бр.2

УПИСНИК ЗА ПРОТЕСТИ "УП"

Нотар _____

(име и презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга I

Реден број _____

П Р О Т Е С Т

На барање _____

(име и презиме и адреса или назив и седиште на правното лице (на подносителот на барањето)

потпишаниот денеска, _____, во _____часот му ја поднесе – проба да му ја

(датум)

поднесе _____

(име и презиме или назив на правното лице, или податоци за овластените лица на кои им ја поднесе или се обиде да им ја поднесе меницата или чекот, во понатамошниот текст: обврзник-ци) во

_____

_____

(адреса и место во кое дејствието е извршено во деловна просторија, стан или друго место)

меницата – чекот – препис на меницата со следнава содржина: _____

_____

(да има десет линии за содржината на меницата или чекот (препис на меницата или чекот)

со изјави односно забелешки со следната содржина _____

_____

_____

(да се наведе изјавата односно забелешките на меницата – чекот – преписот на меницата или чекот)

и го повика – и ги повика – проба да го повика – проба да ги повика – и таа меница – чек – препис на меница ја исплати – акцептира ...датира...да предаде... оригинал – дупликат на таа меница.

Обврзникот – обврзниците на ја изврши – не ја извршија обврската, поради што го дадоа следното образложение:

_____

_____

(да се наведат причините кои обврзникот ги навел поради што одбил)

Трасатот, на кому меницата му е поднесена на акцептирање, побарал меницата да му биде поднесена уште еднаш наредниот ден.

Потпишаниот не можел да го најде обврзникот на горе наведената адреса, а друга адреса не можеше да дознае, ни преку службата за внатрешни работи.

Потпишаниот не можеше на обврзникот да му го соопшти барањето, затоа што

_____

_____

(да се наведат причините, поради што протестот неможе да му биде соопштен)

_____

(име и презиме или назив на фирмата кое барањето го извршило)

му платил на потпишаниот _____ износ од _____

(кому му платил и во чие присуство)

денари, што потпишаниот потврди на меницата – чекот – преписот на меницата и му ја предаде на обврзникот.

Меничниот должник исплати само _____, што потпишаниот

(дел)

забележна на изворната меница – чекот – преписот на меницата и на обврзникот му издаде признаница на преписот на протестираната меница.

Меничниот обврзник, кој ја исплати меницата – чековната сума и кому меницата-чекот му е предаден.

Треба да ги плати протестните трошкови во износ од _____ денари.

Трошоци на протестот _____.

(да се специфицираат трошоците)

Во _____ Нотар

(место и датум)

_____

(име, презиме и седиште)

*Во образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецраните места да останат читливи. Секое прецртано место од страна, нотарот го парафира.

Образец бр.3

Нотар _____

(име и презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга II

Реден број _____

ПОТВРДА ЗА ЗАМЕНА НА ПРОТЕС ТОТ

На барање _____

(име и презиме и адреса или назив и седиште на правното лице (на подносителот на барањето имателот на меницата или негов застапник)

во протесниот уписник да се запише следната изјава:

_____

_____

(да се остават десет празни реда за да се напише целата содржина на изјавата од меницата, чекот, препис на меницата)

која трастатот – адресатот по потреба – интервениентот – издавачот

_____

_____

(да се остави простор во кој ќе се запише името на обврзникот односно лицето кое ја потпишало исправата)

ја ставил датата и ја потпишал меницата-чекот -препис на меницата со следната содржина

_____

_____

(да се остават десет реда за содржината на меницата – чекот – преписот на меницата)

потпишаниот го прифати барањето и целата содржина на меницата-чекот-преписот на меницата и изјавите на меницата-чекот-преписот на меницата ги запиша во уписникот за протести, а на протестираната меница – чекот – преписот на меницата потврди дека таа изјава е денеска запишана во протестниот уписник, ги означи трошоците за оваа постапка, а потоа го врати барањето на подносителот.

Трошоци за спроведената постапка

_____

_____

_____

(да се специфицираат трошоците)

Во _____ Нотар

(место и датум)

_____

(име, презиме и седиште)

*Во образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецртаните места да останат читливи, Секое прецртано место од страна, нотарот го парафира.

Образец бр.4

Нотар _____

(име и презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга III
Реден број _____

ПОТВРДА ЗА ЗАМЕНА НА ПРОТЕС ТОТ

На барање

_____

(име и презиме и адреса или назив и седиште на правното лице (на подносителот на барањето имателот на меницата или негов застапник)

потпишаниот денеска со препорачано писмо им прати на следните лица:

_____

_____

(да се остават пет празни реда за да се наведат имињата на обврзниците)

по еден примерок од меницата – чекот – преписот на меницата, кој гласи:

_____

_____

(да се остават десет празни реда за содржината на меницата – чекот – преписот на меницата)

со напомена дека меницата – чекот – преписот на меницата е протестирана затоа што не е

исплатена – затоа што не е акцептирана.

Потпишаниот денеска оваа потврда во оригинал ја запиша во уписникот за протести, а потврдата ја предаде на подносителот на барањето.

Трошоци за спроведената постапка

_____

_____

(да се специфицираат трошоците)

Во _____ Нотар

(место и датум)

_____

(име, презиме и седиште)

*Во образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецртаните места да останат читливи, Секое прецртано место од страна, нотарот го парафира.

Образец бр. 5

КНИГА ЗА ПОТПИСИ (КП)

Година 20_____ Страница _____

Ред. број	Датум на упис	Податоци за учесникот во правната работа или службеното дејствие	Скратен назив на нотарската деловната книга во која е заведен предметот и под кој број и година на уписот	ПОТПИС (своерачно испишано цело име и презиме или скратен потпис)
1	2	3	4	5

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр.6

КНИГА ЗА ДЕПОНИРАНИ ПОТПИСИ (КДП)

(извод)

Реден број	Назив и седиште на правното лице чиј што законски застапник е лицето што го депонира потписот	Функција на лицето што го депонира потписот
Датум на депонирање		

Име и презиме, занимање и адреса на лицето кое што го депонира потписот	Датум и место на раѓање и документ врз основа на кој е извршена идентификација (лична карта или патна исправа број, орган што ја издал и датум на издавање)	
Број на актот со кој лицето е избрано или именувано	Број и датум на регистрација и орган кој ја заверил	
Потпис и параф на лицето кое го депонира потписот		
_____ _____ Потпис (параф)		
Установа во која е извршено депонирањето на потписот		
Лице пред кое е извршено депонирањето на потписот		
_____ (претседател на Нотарска комора на Република македонија		
Забелешка (евентуална промена на генералиите на лицето кое што го депонирало потписот и други промени)		
Датум на престанок на функцијата на лицето кое што го депонира потписот		

Формат (295 x 420 мм)

Овој извод е сочинет во два примерока, од кој еден примерок останува во архивата на правното лице чиј што законски застапник е лието кое го депонира потписот, а еден примерок останува во архивата на Нотарската комора на Република Македонија, Препис од овој извод се доставува до сите нотари на Република Македонија.

Образец бр.7

ОБВИВКА НА СПИСИТЕ

_____

Означување на нотарската канцеларија

Број

_____

_____

ОБВИВКА НА СПИСИТЕ

_____

податоци за предметот и странките

_____

Број _____

Формат (240х310 мм, не помал од А3 формат)

Образец бр.8

ПОПИС НА ПИСМЕНАТА

Реден број	Датум на приемот или составувањето на писменото кај нотарот	Кратки ознаки на содржината	Број на прилози	Број на листовите	ЗАБЕЛЕШКА

Формат (210 х 295 мм, не помал од А4 формат)

_____

4998.

Врз основа на член 40 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА НА НАЛОЗИТЕ, ЗАКЛУЧОЦИТЕ,ЗАПИСНИЦИТЕ, БАРАЊАТА, СЛУЖБЕНИТЕ БЕЛЕШКИ, ПОТВРДИТЕ И ДРУГИТЕ АКТИ КОИ ГИ ИЗГОТВУВА ИЗВРШИТЕЛОТ ПРИ ПРЕЗЕМАЊЕТО НА ИЗВРШНИТЕ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија.

Член 2

Формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти е пропишана со обрасците од бр.1 до бр. 99, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземање на извршните дејствија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/06).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16) .

Бр. 01-4720/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери с.р.

ИЗВРШИТЕЛ

_____

именуван за подрачјето
на Основниот суд

_____

Образец бр.1

И.бр._____

Извршителот _____ од _____врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот _____ од _____ со ЕМБГ/ЕМБС/ЕДБ _____ и живеалиште/престојувалиште/седиште на _____ засновано на извршната исправа _____ од _____ на _____ против должникот _____ од _____ со ЕМБГ/ЕМБС/ЕДБ _____ и живеалиште/престојувалиште/седиште на _____, за спроведување на извршување во вредност _____, на ден _____ година го донесува следниот:

ЗАКЛУЧОК

за одбивање на барањето за спроведување на извршување
(врз основа на членовите 2 став (2), 3 став (2), 5 став (1), 9, 14, 15, 16, 17, 19, 32 став (2), 44, 46 став 2, 94 став (2), 116 и 175 од Законот за извршување)

СЕ ОДБИВА барањето поднесено од доверителот _____ за спроведување на извршување против должникот _____врз основа на извршна исправа_____ од_____ на _____, со оглед на тоа што :

_____
_____
_____

ИЗВРШИТЕЛ

_____

(потпис и печат)

Д.-на:_____

Правна поука: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд _____ согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.

Забелешка : Овој заклучок се применува и во другите случаи кога извршителот има основ да го одбие барањето за извршување или било каков предлог на странките во текот на извршувањето

ИЗВРШИТЕЛ

_____

именуван за подрачјето
на Основниот суд

_____

Образец бр.2

И.бр._____

Извршителот _____ од _____ врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот _____ од _____ со ЕМБГ/ЕМБС/ЕДБ _____ и живеалиште/престојувалиште/седиште на _____, засновано на извршната исправа _____ од _____ на _____, против должникот _____ од _____ со ЕМБГ/ЕМБС/ЕДБ _____ и живеалиште/престојувалиште/седиште на _____, за спроведување на извршување во вредност _____, на ден _____година, го поднесува следното:

БАРАЊЕ
за податоци од должник
(врз основа на член 26 став (1) од Законот за извршување)

Должникот е обврзан во рок од _____ дена од приемот на ова барање на извршителот _____ да му даде податоци за личниот имот и приход неопходни за извршување на извршната исправа.

Податоците треба да се однесуваат на:

1. ЕМБГ, ЕМБС, ЕДБ, живеалиште односно престојувалиште, седиште.
2. плата или други лични примања (износ и работодавач)
3. подвижни ствари (опис и каде се наоѓаат)
4. недвижности (со катастарски ознаки и уписи во катастар)
Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на личното име и датумот на раѓање на извршителот, седиштето на извршителот, датумот кога е именуван за извршител и подрачјето на основниот суд за кое е именуван извршителот, се внесуваат по донесувањето на решението за именување на извршителот.

Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на дисциплински мерки кои им биле изречени на извршителот, заменикот на извршителот и помошникот на извршителот се внесуваат по доставување на одлуките од страна на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија.

Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на личното име и датумот на раѓање на заменикот на извршителот, односно на помошникот на извршителот и името на извршителот во чија канцеларија работи, се внесуваат откако истите ќе бидат доставени од страна на извршителот. Извршителот податоците ги доставува најдоцна пет дена по започнувањето со работа на заменикот на извршителот, односно на помошникот на извршителот во канцеларијата на извршителот.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водење на евиденцијата за извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.90/05).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4722/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

5001.

Врз основа на член 246 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ГРАДИВОТО И ПРОПИСИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИОТ ДЕЛ ОД КВАЛИФИКАЦИОНИОТ ИСПИТ И ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИЦИ ИЗВРШИТЕЛИ И СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со оваа програма се пропишува градивото и прописите за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот испит и испитот за рангирање за извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите.

Член 2

Програмата за полагање на теоретскиот дел од квалификациониот испит и испитот за рангирање за извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите се состои од следните предмети:

1. Организација на правосудството, управата и локалната самоуправа

1.1. Основни одредби на Уставот на Република Македонија

1.2. Темелни вредности на Уставниот поредок и нивната Уставна разработка

1.3. Гаранции на основните слободи и права спрема Уставот (судска и друга заштита, уставност и законитост, институции и средства за нивно обезбедување) и ограничување на слободите и правата утврдени со Уставот

1.4. Акти на Владата на Република Македонија

1.5. Држава управа (уставни принципи, организација и дејствување)

1.6. Судство (уставна положба и принципи)

1.7. Акти на Уставниот суд, нивно правно дејство и извршување

1.8. Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (содржина)

1.9. Правото на правична судска постапка (член 6 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (содржина)

1.10. Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи)

1.11. Заштита на правото на сопственост (член 1 Протокол 1 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи)

1.12. Стварна и месна надлежност според Законот за општата управна постапка

1.13. Конечност и правосилност на управен акт

1.14. Комуникација помеѓу јавните органи и странките

1.15. Решение во управната постапка (орган што го донесува, форма, составни делови и рок за издавање)

1.16. Рокови во управната постапка и враќање во поранешна состојба

1.17. Достава во управната постапка

1.18. Форма и структура на управен акт

1.19. Рокови за издавање на управен акт

1.20. Управен договор

1.21. Жалба во управна постапка (право на жалба, надлежност на органите по жалбата и рок)

1.22. Повторување на постапка (причини, рок, правни последици)

1.23. Менување и поништување на управен акт во врска со управен спор и правни последици од поништувањето и укинувањето на решението

1.24. Вонредно укинување на управен акт

1.25. Извршување на управни акти (општи одредби)

1.26. Извршување на непарични обврски и извршување заради обезбедување и привремен заклучок за обезбедување според Законот за општата управна постапка

1.27. Поим на управен спор, странки во управниот спор

1.28. Поим на управен акт во управен спор

1.29. Решавање во управниот спор

1.30. Задолжителноста на правосилните пресуди и нивното извршување според Законот за управните спорови

1.31. Изрекување на судски одлуки, нивно дејство, карактер и извршување

1.32. Организација на судскиот систем

1.33. Државно правобранителство (поим, организација, надлежност)

1.34. Адвокатура како јавна служба и услови за вршење на адвокатска дејност

1.35. Правни акти на органите на управата

1.36. Надлежности на единиците на локалната самоуправа

1.37. Акти на единиците на локалната самоуправа и заштита на локалната самоуправа

1.38. Имот и финансирање на локалната самоуправа.

2. Извршување, парнична постапка, вонпарнична постапка и нотаријат

2.1. Основни одредби (основа за извршување, надлежност, обем на извршување, редослед на намирување, заштита на должникот)

2.2. Извршни исправи

2.3. Извршување на условни и заемни обврски, алтернативни и факултативни обврски

2.4. Средства и предмети за извршување

2.5. Поништување на трансакции, повлекување на барањето за извршување и прекин на барањето за извршување

2.6.Извршител (услови за именување, именување, свечена изјава, седиште, легитимација и надзор над работата на извршителите)

2.7. Извршни дејствија

2.8. Заменик и помошник на извршител

2.9. Дисциплинска одговорност на извршителите

2.10. Престанок на функцијата извршител

2.11. Организација на извршителите

2.12. Спроведување на извршување

2.13. Противизвршување

2.14. Одлагање и запирање на извршување

2.15. Извршување за наплата на парично побарување

2.16. Извршување врз парично побарување

2.17. Извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност

2.18. Извршување врз акции и врз удел во трговско друштво и врз други имотни права

2.19. Извршување врз недвижност

2.20. Извршување врз имотот на правни лица заради наплата на парично побарување

2.21. Извршување заради остварување на непарично побарување

2.22. Враќање на работник на работа

2.23. Физичка делба на предмети

2.24. Давање изјава на волја

2.25. Вонсудска наплата на долгови по основ на веродостојна исправа

2.26. Форма и содржина на налозите, записниците и другите акти кои ги изготвува извршителот

2.27. Форма и начин на водење на евиденција за примените барања кај извршителот

2.28. Легитимирање на извршителот

2.29. Користење на податоците за должниците-Етички кодекс на однесување за извршителите

2.30. Посебната сметка на извршителот и начинот за нејзино управување

2.31. Опрема и простор потребни за работа на извршителот

2.32. Тарифа на извршителите

2.33. Испит за извршители

2.34. Испит за заменици извршители

2.35. Стручен испит за извршители

2.36. Конкурс за извршители

2.37. Продажба на предмети за кои не е можна физичка делба

2.38. Средства за обезбедување на побарувања

2.39. Засновање на заложно право–хипотека и залог

2.40. Извршување на претходни и привремени мерки

2.41. Обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права

2.42. Глобален кодекс за извршување на Советот на Европа

2.43. Добри практики за извршување на судските одлуки во рамки на Советот на Европа

2.44. Месна и стварна надлежност во парничната постапка

2.45. Странки и нивни законски застапник во парничната постапка

2.46. Полномошници во парничната постапка

2.47. Јазикот во парничната постапка

2.48. Поднесоци во парничната постапка

2.49. Рокови и рочишта во парничната постапка

2.50. Враќање во поранешна состојба во парничната постапка

2.51. Записници и донесување на одлуки

2.52. Доставување на писмена и разгледување на списи во парничната постапка

2.53. Трошоци во парничната постапка

2.54. Сопарничари во парничната постапка

2.55. Учество на трети лица во во парничната постапка

2.56. Пресуда во парничната постапка

2.57. Решение во парничната постапка

2.58. Редовен правен лек во парничната постапка

2.59. Жалба на решение во парничната постапка

2.60. Ревизија

2.61. Повторување на парничната постапка

2.62. Задолжителен обид за медијација во парничната постапка

2.63. Уредување на начинот на управување и користење на заеднички предмети во вонпарнична постапка

2.64. Уредување на односите меѓу етажните сопственици во вонпарнична постапка

2.65. Делба на заеднички предмети или имот во вонпарнична постапка

2.66. Постапка за уредување на имотните односи на брачните другари
2.67. Поим на нотарската служба
2.68. Службени подрачја
2.69. Извршност на нотарскиот акт
2.70. Содржина на нотарскиот акт
2.71. Последици од повредата на правилата за составување на нотарскиот акт
2.72. Потврдување на факти
2.73. Солемнизација.

3. Кривично право (посебен дел)

3.1. Извршување на паричната казна
3.2. Малтретирање во вршење на службата
3.3. Нарушување на неповредливост на домот
3.4. Повреда на тајноста на писма или други пратки
3.5. Неовластено објавување на лични записи
3.6. Злоупотреба на лични податоци
3.7. Спречување на пристап кон јавен информатички систем
3.8. Неовластено откривање тајна
3.9. Неовластено прислушкување и тонско снимање
3.10. Неовластено снимање
3.11. Повреда на правото на поднесување на правно средство
3.12. Затајување; послужување
3.13. Одземање на моторно возило и на други туѓи предмети
3.14. Незаконито вселување
3.15.Оштетување туѓи предмети;
3.16.Оштетување туѓи права и оштетување на станбени и деловни згради и простории
3.17. Злоупотреба на довербата ; Оштетување или повластување на доверители
3.18. Неовластено примање подароци; примање поткуп; давање поткуп; противзаконито посредување
3.19. Изнуда, уцена
3.20. Даночно затајување
3.21. Фалсификување или уништување деловни книги
3.22. Фалсификување службена исправа; фалсификување исправа; компјутерски фалсификат; посебни случаи на фалсификување исправи
3.23. Оддавање и неовластено прибавување деловна тајна; злоупотреба на службената положба и овластување; несовесно работење во службата
3.24. Проневера во службата; измама во службата; послужување во службата
3.25. Оддавање службена тајна; злоупотреба на државна, службена или воена тајна
3.26. Противзаконита наплата и исплата; противправно присвојување на предмети при претрес или во постапка на извршување
3.27. Неизвршување на судска одлука
3.28. Употреба на исправа со невистинита содржина
3.29. Спречување службено лице во вршење на службено дејствие; напад на службено лице при вршење работи на безбедноста
3.30. Симнување и оштетување на службен печат или знак; одземање или уништување службен печат или спис
3.31. Лажно претставување
3.32. Повреда на тајноста на постапката
3.33. Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем
3.34. Компјутерска измама.

4. Стварно право и катастар

4.1. Правна и деловна способност на физичките и правните лица
4.2. Поим на ствари и поделба на ствари
4.3. Право на сопственост - носители и предмет на правото на сопственост
4.4. Правниот режим на добрата во општа употреба
4.5. Сосопственост и заедничка сопственост
4.6. Етажна сопственост - поим и содржина
4.7.Права, обврски и заемни односи на сопствениците на посебни делови од згради
4.8.Стекнување на право на сопственост врз основа на правно дело на подвижна и недвижна ствар и начин
4.9. Стекнување на сопственост со: создавање на нова ствар, мешање, спојување и градење
4.10. Стекнување на сопственост со одржувачка
4.11. Стекнување сопственост со сеење и садење растенија, плодови, припојување и таложење, корито на водотек, создавање на остров
4.12. Стекнување на сопственост со присвојување подвижни ствари, напуштени ствари, изгубена ствар и наоѓач, скриено богатство и културно добро
4.13. Стекнување сопственост со наследување и одлука на државен орган
4.14. Престанок на правото на сопственост
4.15. Право на службеност - поим, стекнувања, содржина и престанок
4.16. Службеност - поим и видови на лична службеност
4.17. Право на залог -хипотека; рачен залог
4.18. Владение - поим, содржина, видови, заштита
4.19. Право на домување - поим, стекнување, содржина и престанок
4.20. Градежно земјиште – носител на права, предмет, содржина
4.21. Државна сопственост на земјоделското и шумското земјиште - носител, предмет и содржина
4.22. Тапија и таписки книги, интабулациони книги
4.23. Законски наследници - наследни редови
4.24. Наследни права на посвоениците и лица што живеат во трајна заедница
4.25. Наследни права на брачниот другар и родителите
4.26. Легати
4.27. Извршување на тестаментот и отповикување на тестаментот
4.28. Преминување на оставината врз наследниците и одговорност на наследникот за долговите на оставителот
4.29. Полноважност на брак; права и должности на брачните другари

4.30. Престанок на бракот - поништување, развод на брак

4.31. Имотни односи на брачните другари, на вонбрачните другари и на родителите и децата

4.32. Имотни односи на брачните другари, на вонбрачните другари и на родителите и децата

4.33. Предизвикување на штета - општи принципи (основ на одговорност, поим на штета)

4.34. Одговорност за штета, општи начела, вина, одговорност за друг

4.35. Надомест на материјална штета

4.36. Хартии од вредност - поим, битни елементи, видови, електронски запис и настанување на обврската

4.37. Казнена камата

4.38. Договорна камата

4.39. Застареност, поим, време, застој и прекин

4.40. Обврски со повеќе лица - солидарни обврски деливи и неделиви

4.41. Солидарност на должниците

4.42. Солидарност на доверителите

4.43. Цесија

4.44. Промена на должникот - преземање на долг, пристапување кон долг, преземање на исполнување

4.45. Право на првенствено купување - законски, договорно

4.46. Правниот промет на недвижности

4.47. Застапувања - општо за застапувањата

4.48. Застапување - полномошно, деловно полномошно, овластување на трговскиот патник и на лица кои обавуваат одредени работи

4.49. Задоцнување на должникот и доверителот

4.50. Престанок на обврските со пребивање и отпуштање на долг

4.51. Престанок на обврските со новација, соединување и невозможност за исполнување

4.52. Застареност, поим, време, застој и прекин

4.53. Парични обврски

4.54. Обврски со повеќе предмети - алтернативни обврски

4.55. Обврски со повеќе предмети - факултативни обврски

4.56. Обврски со повеќе лица - солидарни обврски деливи и неделиви

4.57. Продажба на станови и семејни станбени згради во државна сопственост

4.58. Средства за осигурување на обврските - гаранција (емство)

4.59. Договор за продажба

4.60. Договор за посредување

4.61. Договор за отстапување на имот за време на живот

4.62. Договор за издршка

4.63. Договор за дар

4.64. Запишување на правата на недвижностите

4.65. Катастар на недвижностите

4.66. Правата и должностите на надлежните органи и служби во однос на користењето на податоците од катастарот на недвижностите и земјиштето

4.67. Права кои се запишуваат во катастарот на недвижностите

4.68. Реални товари

4.69. Евидентирање на бесправно изградените објекти

4.70. Повреда на правото на недвижностите при уписот и заштита на правата со тужба

4.71.Видови на запишување на правата на недвижностите

4.72. Основи на запишување на права на недвижност

4.73.Права и должности на носителите на правата на недвижностите

4.74.Право на првенствено запишување на правото на недвижноста

4.75. Правно дејство на запишување на правото на недвижноста

4.76. Извршување врз заложени недвижности предбележани во лист за предбележување.

5. Трговско право и стечај

5.1. Трговец-поединец (општо)

5.2. Трговец (поим и видови)

5.3. Трговски друштва (поим, форма и одговорност за обврските)

5.4. Трговски регистар

5.5. Престанок на друштво со ограничена одговорност

5.6. Акционерско друштво и акции (поим, видови и издавање)

5.7. Престанок на акционерското друштво

5.8. Преобразба на друштво од една во друга форма на друштво

5.9. Присоединување, спојување и поделба на друштвото (општо)

5.10. Ликвидација на друштвото

5.11. Тајно друштво

5.12. Странско трговско друштво и странски трговец-поединец

5.13. Стечај (општо за стечајот)

5.14.Стечаен управник

5.15. Отварање на стечајна постапка

5.16.Правните последици од отварањето на стечајната постапка

5.17. Стечајна маса

5.18. Заклучување на стечајната постапка

5.19. Впаричување на имот

5.20. Носители на платен промет

5.21. Учесници во платниот промет

5.22. Вршење на работи на платен промет

5.23. Платни инструменти

5.24. Извршување на присилна наплата

5.25. Дефиниции и поими од девизното работење

5.26. Трансакции и трансфери

5.27. Тековни трансакции

5.28. Капитални трансакции

5.29. Плаќања и трансфери

5.30. Вложување на нерезиденти во недвижности во Република Македонија

5.31. Издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Македонија, вложување на нерезиденти во хартии од вредност во Република Македонија

5.32. Депозитни работи
5.33. Плаќање и трансфери
5.34. Известувања
5.35. Основање и организација
5.36. Делокруг на работа - внесување и чување на податоци
5.37. Користење на податоци и надоместок за нивно користење
5.38. Односи на Централен регистар со другите регистри и нивните корисници
5.39. Централен депозитар за хартии од вредност.

Член 3

Прописите и градивото за подготовка на теоретскиот дел од квалификациониот испит и испитот за рангирање за извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите се дадени во Прилог и се составен дел на оваа програма.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16) .

Бр. 01-4723/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

Прилог

Прописи и градиво за подготовка на теоретскиот дел од квалификациониот испит и испитот за рангирање за извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите:

- Устав на Република Македонија со Амандмани („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03 и 107/05),
- Уставен закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91),
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15),
- Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10),
- Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 35/08 и 150/10),
- Закон за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/07 и 104/15),
- Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) ,
- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15),
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и Протоколите бр. 1, 4, 6 и 7 ,
- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15),
- Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 9/08),
- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) ,
- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 72/16 и 142/16),
- Закон за обезбедување на побарувањата („Службен весник на Република Македонија“ број 87/07 и 31/16)
- Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” број 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11)
- Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” број 72/16 и 142/16)
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14 и 226/15),
- Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15),
- Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ број 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16),
- Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09),
- Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" број 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10),
- Закон за наследување („Службен весник на Република Македонија” број 47/96),
- Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14, 104/15 и 150/15),
- Закон за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16);
- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија“ број 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16 и 178/16),
- Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16),
- Закон за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 2/94)
- Закон за договорен залог („Службен весник на Република Македонија“ број 5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/16),
- Закон за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16),
- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16),

- Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15 и 23/16),

- Закон за висината на стапката на затезната камата („Службен весник на Република Македонија“ број 65/92 и 70/1993),

- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16),

- Закон за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ број 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/10, 55/13 , 33/15 и 104/15),

- Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија“ број 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15),

- Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16),

- Закон за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15 и 199/15),

- Закон за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ број 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16),

- Закон за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ број 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15 и 27/16),

- Извршување судски одлуки во Европа, Автор Венди Кенет, Издавач: Просветно дело 2009 година,

- Учебник по економска анализа на граѓанското право, Автори: Ханс-Бернд Шефер и Клаус От; Издавач: Арс Ламина 2012 година,

- Глобален кодекс за извршување на Советот на Европа мај 2015 - Комора на извршители на Република Македонија,

- Добри практики за извршување на судските одлуки во рамки на Советот на Европа- СЕРЕЈ декември 2015 – Комора на извршители на Република Македонија,

- Уставно право Автор: Доминик Турпен Издавач,: Арс Ламина 2012 година,

- Уставно право – либерална теорија на владеењето на правото Автор Т.Р.С.Аслан, Издавач Просветно дело 2009 година,

- Член 6 од Европската конвенција за човекови права – право на правично судење Автор: Ендрју Гротриан Издавач: Просветно дело 2008 година,

- Европска конвенција за човекови права – достигнувања, проблеми и изгледи Автор: Стивен Григ Издавач: Просветно дело 2009 година,

- Право на Европската конвенција за човекови права Автор: Д.Харис, М.О.Бојл, Е.П.Бејтс и С:М: Бакли Издавач: Просветно дело 2009 година,

- Локална самоуправа: примери за процесите на донесување на одлуки, Автор: Џејмс М. Бановец Издавач: Академски печат 2009 година,

- Административно право, АвторЖан Валин; Издавач Арс Ламина 2012 година,

- Управување со јавниот сектор, Автор Норман Флин; Издавач: Арс Ламина 2010 година,

- Административното право на земјите од Европа, Автор Мајкл Фромонт; Издавач: Арс Ламина 2010 година,

- Јавно право - јавна власт и административно дејство, Автори Мишел Верпо и Латиција Жанико; Издавач: Арс Ламина 2011 година,

- Вовед во јавната администрација, Автори Џеј М. Шафриц, Е. В. Расел и Кристофер П. Борик; Издавач: Академски печат 2009 година,

- Историски вовед во западното уставно право, Автор Р. Ш. Ван Кенегем; Издавач: Табернакул 2010 година,

- Право на административни договори, Автор Кристофер Гуетје; Издавч: Арс Ламина 2011 година,

- Меѓународно казнено право, Автори Андру Хуе и Рене Коерин Жулен, Издавач Арс Ламина 2013 година,

- Европско кривично право, Автор Бернд Хекер/Второ актуелизирано и проширено издание,

- Кривично право посебен дел - кривични дела против имотот, Автори: Јоханес Веселс и Томас Хиленкамп, Просветно дело 2013 година,

- Меѓународно кривично право - второ издание, Автор Антонио Касезе; Издавач Просветно дело 2009 година,

- Меѓународно кривично право, Автор Кријангсак Китичаисари; Издавач: Табернакул 2010 година,

- Европско кривично право, Автор Бернд Хекер; Издавач: Датапонс 2010 година,

- Казнено право - посебен дел 1 (кривични дела против личните и заедничките вредности), Автори Јоханес Веселс и Михаил Хетингер; Издавач: Табернакул 2009 година,

- Кривично право - општ дел (кривични дела против личните и заеднички делови), Автори Јоханес Веселс и Вернер Бојлке, Издавач Табернакул 2010 година,

- Европско стварно право, Автор Питер Спаркс, Издавач Просветно дело 2009 година,

- Заложно право, Автор Ивс Пико, Издавач: Арс Ламина 2011 година,

- Облигационо право 1 (граѓанска одговорност и квази-договори), Автор Муриел Фабр-Мањан, Издавач: Арс Ламина 2011 година,

- Облигационо право 2 (договорот и едностраната обврска), Автор Муриел фабр-Мањан, Издавач: Арс Ламина 2011 година,

- Облигационо право - римски основи на граѓанската традиција, Рајнхард Цимерман, Издавач Просветно дело 2009 година,

- Блексонови пишани закони за Право на трговски друштва, Автор Дерек Френч, Издавач: Табернакул 2010,

- Начела на корпоративно финансово право, Автор Елиз Феран; Издавач Просветно дело 2009 година,

- Европско компаративно право за трговски друштва, Автори Мадс Анденас и Френк Вулдриџ, Издавач Ад Вербум 2011 година,

- Учебник по економија и право - основи на трговското право, Автори Еуген Клунцингер; Издавач: Арс Ламина 2011 година.

ЗАБЕЛЕШКА:

Кандидатите тековно ги следат изменувањата и дополнувањата на постојните закони и прописи од соодветните области или донесувањето на нови закони, кои со влегувањето во сила по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, стануваат составен дел на испитната програма

_____

5002.

Врз основа на член 37 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ И ЗАМЕНИКОТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ОДЗЕМАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимацијата на извршителот и заменикот на извршителот (во натамошниот текст: извршителот), како и начинот на нејзиното издавање, одземање и поништување.

Член 2

Легитимацијата за извршителот (во натамошниот текст: легитимацијата) се издава за време на траењето на основот по кој е издадена.

Член 3

(1) Легитимацијата се издава на Образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Легитимацијата е со димензии 7,5 х 11,5 см.

(3) Кориците на легитимација од надворешната страна се од кожа, во темно сина боја. На предната страна на корицата во горниот дел е втиснат текст „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА“, а во средината “ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ“.

(4) Внатрешните страни на легитимацијата се во бела боја.

(5) На првата внатрешна страна во горниот лев агол е втиснат заштитниот знак на божицата на правдата. Под него е испишан текстот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА“. На горниот десен агол се наоѓа место за фотографија во боја со димензии 2,5 х 3 см, а во средината е испишано „ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ“. Во долниот лев агол се наоѓа место каде се запишува името и презимето на извршителот, функцијата која ја врши, името на извршителот каде врши функција, а во долниот десен агол се наоѓа место за печат, потпис на министерот и регистарски број на легитимацијата.

(6) На втората внатрешна страна на легитимацијата се содржани следните податоци: датум, месец и година на раѓање, живеалиште и датум на издавање.

(7) На третата внатрешна страна на легитимацијата е втиснат симболот на божицата на правдата која во десната рака држи терезија високо подигната, а во левата рака, спуштена со меч чиј врв го допира тлото. Божицата е во златна боја, над која е испишан текст „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.

Член 4

Легитимацијата се издава по поднесено барање за издавање на легитимација од страна на извршителот.

Член 5

Легитимацијата на извршителот се одзема во следните случаи:

- при изречена конечна дисциплинска мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста, се додека трае мерката,

- при изречена конечна дисциплинска мерка привремена забрана за вршење на должноста- суспензија на извршителот, се додека трае суспензијата или

- при изречена правосилна дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Член 6

(1) Во случај на губење, уништување или оштетување на легитимацијата, извршителот веднаш го известува Министерството за правда и поднесува барање за поништување на старата легитимација, во кое ги наведува причините за поништувањето и поднесува барање за издавање на нова легитимација.

(2) Поништените легитимации се огласуваат за неважечки во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 7

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр.90/05).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија “ бр. 72/16 и 142/16) .

Бр. 01-4724/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

Прилог

Корица

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ЛЕГИТИМАЦИЈА
ЗА ИЗВРШИТЕЛ

Прва внатрешна страна

ФОТОГРАФИЈА

2,5 X 3 цм

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ

_____
име и презиме

_____
функција која ја врши

_____
име на извршител каде врши функција

Место за печат

Потпис на министерот

Рег.бр. _____

Втора внатрешна страна

_____

роден-а (дата, месец и година)

_____

живеалиште

_____

датум на издавање

Трета внатрешна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5003.

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ВИДОТ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРОТ ПОТРЕБНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИЗВРШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на опремата и просторот кои се потребни за вршење на извршни работи.

Член 2

(1) Просториите во кои е сместена канцеларијата на извршителот треба да бидат посебна градежна целина, во местото каде е регистрирано седиштето на извршителот.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има најмалку две работни простории, чекална и тоалет. Вкупната површина на канцеларијата на извршителот не може да биде помала од 50 м2.

Член 3

(1) Канцеларијата на извршителот може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

(2) Канцеларијата на извршителот треба да биде сместена во објект, кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него не го доведува во прашање угледот на извршителот.

(3) Ако канцеларијата на извршителот се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до вториот кат.

Член 4

Канцеларијата на извршителот треба да биде уредна и чиста и треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, уредно сервисирани согласно прописите за заштита од пожари.

Член 5

(1) Канцеларијата на извршителот треба да има ормани со полици и сигурносни брави за сместување на архивата, заштитени од влага и пожар.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има потребна канцелариска опрема: биро, столчиња за странките во работните простории и во чекалната, телефон, скенер, фотокопир, персонален компјутер, печатар, средства за пишување и канцелариски материјал.

(3) Канцеларијата на извршителот треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати (токен за електронски потпис), компјутерски сервер и електронска опрема на која што може да се чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, согласно Законот за архивски материјал.

Член 6

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 178/15).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4726/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

5004.

Врз основа на член 248 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОТРЕБНИОТ ПРОСТОР И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИОНИОТ ИСПИТ И ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИЦИ ИЗВРШИТЕЛИ И СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на потребниот простор и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на квалификациониот испит и испитот за рангирање на извршители, испитот за заменици извршители и стручниот испит за проверка на знаењата на извршителите (во натамошниот текст: испитот).

Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две простории од кои секоја одделно треба да биде опремена со:

- најмалку 36 работни бироа од кои 30 за станиците за тестирање, пет за членовите на комисијата и еден за серверот;
- најмалку 36 столчиња;
- дисплеј за објавување на резултатите со димензии од најмалку 2х2 метри;
- најмалку 30 персонални компјутери чиј монитор е најмалку 19";
- еден централен сервер со монитор за надгледување на процесот на тестирање и за локално снимање на процесот на тестирање;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник и
- мрежна камера за снимање на полагањето.

Член 3

Просториите за полагање на испитот имаат интернет конекција од минимум 10мб/с, наменета за електронското полагање на испитот и пристап до апликацијата на Министерството за правда за спроведување на електронско полагање на испитот.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумите во однос на просторните услови и материјалнотехничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за извршители („Службен весник на Република Македонија" бр.87/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија " бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4727/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

5005.

Врз основа на член 55 став (7) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората) и на извршителите.

Член 2

Овластените лица за надзор во вршењето на своите работи се независни и непристрасни од било какво влијание кое би можело да влијае директно или индиректно на нивната работа.

Член 3

Надзор над работата на извршителите, односно Комората се врши според месечен план за надзор кој содржи листа на извршители над чија работа се врши надзор во текот на месецот, како и врз основа на сознанија за ненавремено и неправилно работење на извршителите, односно Комората, добиени од државни органи, правни и физички лица, како и по барање на претседателот на судот.

Член 4

(1) При вршење на надзор, по приемот на писменото кое укажува на направилно работење на одреден извршител, односно на Комората, се бара одговор од извршителот, односно Комората над чија работа се врши надзорот, со цел да се утврди потребата за вршење на надзорот, при што на извршителот, односно на Комората им се доставува копија од писменото.

(2) Извршителот, односно Комората најдоцна осум дена од денот на приемот на барањето од став (1) на овој член, се изјаснува писмено со аргументиран и образложен одговор и приложува докази во поткрепа на својот одговор.

(3) По добиените сознанија за кои извршителот, односно Комората писмено се изјасниле, овластените лица вршат надзор во просториите на извршителот, односно Комората доколку:
- оценат дека одговорот на извршителот, односно Комората не содржи произнесување по сите точки од барањето за одговор и
- постои сомневање во вистинитоста на наводите или сомневање во веродостојноста на приложените докази .

(4) Ако во периодот од став (2) на овој член, извршителот односно Комората не достави одговор, овластените лица вршат надзор над нивното работење во просториите на извршителот односно Комората.

Член 5

(1) При вршење на надзор може да се побара мислење од друг надлежен орган, доколку се оцени дека од истото ќе се утврди потребата за вршење на надзор.

(2) Во случај на добиени сознанија од анонимна претставка или предлог, се постапува само доколку станува збор за јавен интерес утврден со закон.

Член 6

Овластените лица за вршење на надзор по електронска пошта на официјалната електронска адреса го известуваат извршителот односно претседателот на Комората за денот и часот на надзорот.

Член 7

(1) Пред отпочнување со надзор овластените лица му врачуваат на извршителот, односно на овластено лице од Комората, овластување за вршење на надзор во кое е наведен видот и обемот на надзорот кој треба да се спроведе.

(2) При вршење на надзорот, по барање на овластените лица извршителот, односно овластеното лице од Комората, прави електронска копија или фотокопија од прегледаните списи и евиденцијата која ја води извршителот, односно Комората.

(3) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, извршителот, односно овластеното лице од Комората, доставува дополнителни копии од документите кои ги поседува доколку овластените лица сметаат дека се потребни за изготвување на извештајот за надзорот.

(4) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, извршителот, односно овластеното лице од Комората, како и нивните вработени даваат писмено или усно објаснување во врска со прашања кои се однесуваат на надзорот и приложуваат соодветни докази во поткрепа на објаснувањето.

Член 8

(1) За извршениот надзор во присуство на извршителот, односно претседателот на Комората, овластените лица составуваат записник кој содржи податоци за: денот и часот на пратено известување за надзор; извршителот над кој се врши надзорот, односно Комората; денот и часот на вршење на надзорот; овластените лица кои го вршат надзорот; фактичката состојба од преземените службени дејствија; листата на земени копии од списи или докази, исписите од електронска евиденција врз кои е вршен надзорот; констатираните очигледни недостатоци со напатствија за нивно отстранување и со рок за постапување; забелешките дадени на извршителот, односно претседателот на Комората, потписи на овластените лица и потпис и печат на извршителот, односно потпис на претседателот на Комората и печат на Комората и забелешка во случај на одбивање потпис.

(2) Записникот се составува во два примерока и еден примерок од записникот веднаш му се врачува на извршителот.

Член 9

Извршителот, односно Комората во периодот определен во записникот за надзор го известуваат Министерството за правда за преземените дејствија за отстранување на констатираните недостатоци и приложуваат доказ за постапувањето.

Член 10

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија и на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.178/15).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија “ бр. 72/16 и 142/16) .

Бр. 01-4728/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

5006.

Врз основа на член 13 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА И СЛУЖБЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КОИ СЕ ИМЕНУВААТ НОТАРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите.

Член 2

Распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите е даден во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 1/08, 148/08, 91/13, 183/16 и 185/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.01-4712/3
30 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

РАСПОРЕД
НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА И СЛУЖБЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КОИ СЕ ИМЕНУВААТ НОТАРИТЕ

1. Основен суд Берово (Општина Берово и Пехчево)
- Број на службени седишта 3.....место Берово
2. Основен суд Битола (Општина Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар со судско одделение во Демир Хисар)
- Број на службени седишта 14 ..... место Битола
3. Основен суд Виница (Општина Виница)
- Број на службени седишта 2 ... место Виница
4. Основен суд Гевгелија (Општина Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово со судско одделение во Валандово)
- Број на службени седишта 6 ..... место Гевгелија
5. Основен суд Гостивар (Општина Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша)
- Број на службени седишта 12 ..... место Гостивар
6. Основен суд Дебар (Општина Дебар и Жупа)
- Број на службени седишта 3 ..... место Дебар
7. Основен суд Делчево (Општина Делчево и Македонска Каменица)
- Број на службени седишта 3 ..... место Делчево
8. Основен суд Кавадарци (Општина Кавадарци и Росоман)
- Број на службени седишта 6..... место Кавадарци
9. Основен суд Кичево (Општина Кичево, Вранештица, Другово, Зајас, Осломеј, Пласница и Македонски Брод со судско одделение во Македонски Брод)
- Број на службени седишта 7..... место Кичево
10. Основен суд Кочани (Општина Кочани, Зрновци, Чешиново-Облешево)
- Број на службени седишта 5 ..... место Кочани
11. Основен суд Кратово (Општина Кратово)
- Број на службени седишта 2 ..... место Кратово
12. Основен суд Крива Паланка (Општина Крива Паланка и Ранковце),
- Број на службени седишта 2..... место Крива Паланка
13. Основен суд Куманово (Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане)
- Број на службени седишта 15 ..... место Куманово
14. Основен суд Крушево (Општина Крушево)
- Број на службени седишта 2 ..... место Крушево
15. Основен суд Неготино (Општина Неготино и Демир Капија)
- Број на службени седишта 2 ..... место Неготино
16. Основен суд Охрид (Општина Охрид и Дебарца)
- Број на службени седишта 8 ..... место Охрид
17. Основен суд Прилеп (Општина Прилеп, Долнени и Кривогаштани)
- Број на службени седишта 9 ..... место Прилеп
18. Основен суд Радовиш (Општина Радовиш и Конче)
- Број на службени седишта 2 ..... место Радовиш
19. Основен суд Ресен (Општина Ресен)
- Број на службени седишта 3..... место Ресен
20. Основен суд Свети Николе (Општина Свети Николе и Лозово)
- Број на службени седишта 3... .....место Свети Николе
21. Основни судови на град Скопје (Општина Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново)
- Број на службени седишта 69 ..... место Скопје
22. Основен суд Струга (Општина Струга и Вевчани)
- Број на службени седишта 7 ..... место Струга
23. Основен суд Струмица (Општина Струмица, Василево, Босилово и Ново Село)
- Број на службени седишта 10 ..... место Струмица
24. Основен суд Тетово (Општина Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце)
- Број на службени седишта 15 …….....….. место Тетово
25. Основен суд Велес (Општина Велес, Градско и Чашка)
- Број на службени седишта 8 .....место Велес
26. Основен суд Штип (Општина Штип, Карбинци и Пробиштип, со судско одделение во Пробиштип)
- Број на службени седишта 10.....…....место Штип.

5007.

Врз основа на член 46 став 4 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија бр. 72/16 и 142/16”), министерот за правда донесе

Т А Р И Ф А
ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со оваа тарифа се определува наградата и надоместокот на другите трошоци за работа на извршителите.

Член 2

Извршителот за преземање на извршените дејствија наплаќа награда и надоместок на трошоците според:

- цена за администрирање,
- цена на извршните дејствија и
- награда на извршителот за извршените дејствија.

Член 3

Висината на цената за администрирање извршителот ја определува според износот на главното побарување, односно вредноста на предметот на извршување утврдена во извршната исправа.

При утврдување на вредноста на предметот на извршување се зема само износот на главното побарување.

Цената за администрирање кај паричните побарувања извршителот ја наплатува согласно Табела 1 од оваа тарифа.

Кога вредноста на предметот на извршување кај непаричните побарувања е утврдена во извршната исправа цената за администрирање се определува според Табела 1 од оваа тарифа.

Доколку вредноста на предметот кај непаричните побарувања не е утврдена во извршната исправа, извршителот ќе го прими предметот во работа со наплата на цена за администрирање во износ од 35 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметување.

Вистинската вредност на предметот или недвижноста што се предава или испразнува односно, вредноста на сторувањето од став 5 на овој член ја утврдува проценител. По утврдување на вредноста на предметот на извршувањето износот на цената за администрирање се определува врз основа на табела 1 од оваа тарифа.

Цената за администрирање извршителот ја наплатува од доверителот пред да започне со извршните дејствија.

Доколку доверителот не ја плати цената за администрирање на предметот и не плати цена на дејствие за состав на првичен налог за извршување со поднесување на барањето за извршување извршителот со заклучок го одбива барањето за извршување.

Член 4

Цената на извршните дејствија извршителот ја определува според видот, обемот и времетраењето на извршувањето на извршните дејствија и местото на нивното извршување согласно Табела 2 од оваа тарифа.

Извршителот донесува заклучок за запирање на извршувањето и заклучок за прекин на извршувањето, без оглед дали примил аванс за тоа извршно дејствие ако:

- настапила смрт на странката или нејзиниот законски застапник,
- ако настапиле правни последици од отварање стечајна постапка за странка правно лице,
- извршната исправа е правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила, односно ако потврдата за извршност е правосилно укината,
- во случаи кога извршителот е изземен од натамошното извршување,
- доверителот побарал одлагање повеќе од два пати,
- кога извршителот побарал авансирање на трошоците на извршувањето, а доверителот не ги авансира трошоците во рок од 30 дена,
- кога странката е правно лице и кога е донесено решение за заклучување на стечајната постапка и определено бришење од трговскиот односно друг регистар, во кој е запишан стечајниот должник, со што странката престанала да постои.

Член 5

Наградата на извршителот за извршените дејствија, извршителот ја определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши, како и според износот на наплатеното побарување.

Наградата за извршените дејствија на извршителот за паричните побарувања се определува според Табела 1 од оваа тарифа.

Кога вредноста на предметот на извршување кај непаричното побарување не е утврдена во извршната исправа како вредност за определување на наградата на извршителот се зема вредноста на предметот утврдена преку проценител, согласно член 3 став 6 од оваа тарифа.

Кога предмет на извршувањето е несторување или трпење, враќање работник на работа или друга престација каде што не е можно да биде утврдена, цената за администрирање изнесува 35 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето, а наградата на извршител изнесува 300 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето.

Кога вредноста на предметот на извршување кај непаричните побарувања е утврдена во извршната исправа, наградата на извршителот за извршените дејствија се пресметува согласно Табела 1 од оваа тарифа.

Наградата на извршителот за извршените дејствија не може да биде поголема од 7.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето, без оглед на висината и видот на побарувањето.

Кога извршувањето се спроведува за наплата на парично побарување согласно член 210 од Законот за извршување, наградата на извршителот за извршените дејствија не може да биде поголема од 3.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметување.

Наградата за извршувањето извршителот ја наплаќа од должникот во текот на спроведување на извршувањето.

Член 6

При извршување заради наплата на парични побарувања, извршителот во налогот за извршување, поединечно ќе ги утврди цената за администрирање, цената за извршните дејствија, реалните трошоци, такси и наградата на извршителот.

При извршување заради остварување на непарично побарување, извршителот во налогот за извршување поединечно ќе ги утврди цената за администрирање, цената за извршните дејствија, како и реалните трошоци и такси кои произлегуваат од извршените дејствија на извршителот и наградата на извршителот .

Врз основа на Заклучокот за утврдување на трошоци од ставовите 1 и 2 на овој член доверителот ги побарува од должникот цената за администрирање, цената на извршните дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реалните трошоци и такси.

Член 7

Извршителот по барање на странките изготвува и доставува известување со пресметка за состојба на главен долг, трошоци утврдени во извршаната исправа, камата, цена за администрирање, цена за извршни дејствија, награда на извршителот за извршените дејствија, како и реалните трошоци и такси кои се настанати при спроведување на извршувањето.

Член 8

Извршителот ја наплаќа од должникот само цената за администрирање на предметот и цената за преземените извршни дејствија, доколку должникот:

- ја исполнил обврската утврдена во извршната исправа по поднесување на барање за извршување од доверителот, а пред моментот кога дознал или можел да дознае дека е отпочната постапка за присилно извршување;

- постапил по поканата на извршителот од член 17 став 2 од Законот за извршување во кој е определен рокот за доброволно исполнување на обврската утврдена во извршната исправа.

Член 9

Кога извршната исправа е реализирана должникот ја плаќа цената за администрирање на предметот, цената на извршните дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реалните трошоци и такси.

Кога извршувањето е запрено по барање на доверителот или извршната исправа е правосилно укината, преиначена, поништена или ставена вон сила, цената за администрирање, цената на извршните дејствија и наградата ги плаќа доверителот.

Член 10

Извршителот не наплаќа цена за извршни дејствија против кои е изјавен приговор против незаконитости при извршувањето, а кои со правосилна одлука на судот се ставени вон сила , ако незаконитоста е сторена по вина на извршителот.

Член 11

Трошоците предизвикани за известување или увид во списите на предметот во случај на доверени работи од судот, ги плаќа само странката која што ги побарала.

За цена за администрирање на решение со кое се определува извршителот да обезбеди материјални докази и други работи доверени од судот се применува Табела 1 од оваа тарифата.

Член 12

При извршување заради наплата на парични побарувања врз основа на извршна исправа за побарување кое произлегува од комунална услуга и тоа за побарување за електрична енергија, топлинска енергија, за побарување за вода, смет, трошоци за редовно одржување на заедничките делови на зградата што е во етажна сопственост, кога должник е физичко лице, извршителот наплаќа вкупно трошоци на име извршни дејствија, цена на администрирање и награда во висина од 25% од наплатениот износ, во кој износ не влегуваат реални материјални трошоци и ддв од 18 %.

Одредбите од став 1 на овој член не се применуваат за предметите кои се примени кај извршителот до 31 декември 2016 година.

Член 13

Цените утврдени во табелите 1 и 2 од оваа тарифа се наплатуваат во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметување.

Член 14

Табелите 1 и 2 се дадени во Прилог, кој е составен дел на оваа тарифа.

Член 15

Со денот на отпочнување на примената на оваа тарифа престанува да важи Тарифата за наградата и надоместокот на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/11).

Член 16

Оваа тарифа влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примената на Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија бр. 72/16 и 142/16”).

Бр. 1-4725/4
30 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери, с.р.

Прилог

Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите

ТАБЕЛА 1

	Износ на главно побарување	Цена за администрирање на предмет	Награда за извршените дејствија
1.	До 50 евра	4,50 €	6,5 евра
2.	Над 50 до 100 евра	5,50 €	9 евра
3.	Над 100 до ЗООевра	6,50 €	14 евра
4.	Над 300 до 500 евра	7,50 €	34 евра
5.	Над 500 до 1000 евра	9,00 €	40 евра
6.	Над 1000 евра до 2 000 евра	25,00 €	9% од наплатениот износ но не помалку од 50 евра
7.	Над 2000 евра до 3000 евра	30,00 €	8% од наплатениот износ но не помалку од 60 евра
8.	Над 3000 евра до 4000 евра	35,00 €	7,5% од наплатениот износ но не помалку од 100 евра
9.	Над 4000 евра до 5000 евра	40,00 €	7% од наплатениот износ но не помалку од 140 евра
10.	Над 5000 евра до 7000 евра	45,00 €	6,5% од наплатениот износ но не помалку од 160 евра
11.	Над 7000 евра до 9 000 евра	50,00 €	6% од наплатениот износ но не помалку од 210 евра
12.	Над 9 000 евра до 11 000 евра	55,00 €	5,5% од наплатениот износ но не помалку од 240 евра
13.	Над 11 000 евра до 15 000 евра	60,00 €	5 % од наплатениот износ но не помалку од 280 евра
14.	Над 15000 евра до 25 000 евра	80,00 €	4% од наплатениот износ но не помалку од 380 евра
15.	Над 25000 евра до 40 000 евра	95,00 €	3,2% од наплатениот износ но не помалку од 480 евра
16.	Над 40000 евра до 60 000 евра	115,00 €	2,5% од наплатениот износ но не помалку од 640 евра
17.	Над 60000 евра до 100 000 евра	125,00 €	2% од наплатениот износ но не помалку од 800 евра
18.	Над 100 000 евра до 200 000 евра	135,00 €	1,6% од наплатениот износ но не помалку од 1200 евра
19.	Над 200 000 евра	150,00 €	1,2 % од наплатениот износ но не помалку од 1600 евра
20	Администрирање на предмет, изготвување на покана и доставување на покана во постапка за вонсудска наплата	7 евра	Целосно или делумно намирување кај извршителот или доверителот во постапка за вонсудска наплата со предмет со вредноста на барање до 5000 денари- без награда. Целосно или делумно намирување кај извршителот или доверителот во постапка за вонсудска наплата со предмет со вредноста на барање над 5000 денари- награда од 3 евра.

ТАБЕЛА 2

Бр.	Извршни дејствија	Чинење /Цена
1	Копија	0,5 евра
2	Изготвување на каматна листа	1 евра по ставка
3	Препис на сопствен документ	0,5 евра од страна
4	Доаѓање до местото на извршување, но не со превоз од странките, доколку местото е подалеку од 2 км. од седиштето на извршителот	30 % од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар
5	Барање за податоци и информации, известувања и потврди	5 евра по дејствие но не повеќе од 30 евра
6	Увид во регистерска влошка и во трговски книги	15 евра
7	Изготвување налог за извршување	20 евра
8	Изготвување на записници	32 евра
9	Изготвување на заклучоци	16 евра
10	Изготвување на службена белешка.	3 евра
11	Извршување на дејствие на попис, пленидба и продажба на подвижни предмети	48 евра за 1 час дејствие
12	Извршување на дејствие на јавно наддавање	48 евра за 1 час дејствие
13	Извршни дејствија на делба на пари на рочиште за делба	48 евра за секој час
14	Извршување на дејствија за обезбедување на материјални докази	48 евра за час дејствие
15	Извршување на дејствија по член 84 од ЗИ	48 евра за час дејствие
16	Извршување на дејствија согласно член 226-239 од Законот за извршување	48 евра по 1 час дејствие
17	Изготвување договор/записник за продажба со непосредна спогодба	30 евра

18	Успешна достава на судски писмена и други писмена кои произлегуваат од вршењето на работата на извршителот до должникот	20 евра за достава до едно лице
19	Непосредно предавање на судски писмена и други писмена кои произлегуваат од работата на извршителот до државни органи, јавни институции, носители на платен промет , трето лице, работодавач и доверител	6 евра
20	Успешна достава на судски писмена и други писмена кои произлегуваат од вршењето на работата на извршителот во канцеларијата на извршителот	5 Евра
21	Достава на налози, записници, заклучоци и други акти кој произлегуваат од работата на извршителот по електронски пат,барања за податоци и информации, прием и обработка на барани податоци	5 евра
22	Достава на судски писмена	20 евра

23	Успешна достава на судски писмена и други писмена кои произлегуваат од работата на извршителот, преку пошта до државни органи, јавни институции, носители на платен промет, странки, учесници во постапката работодавач и трети лица.	3 евра
24	Составување на одговор на приговор	45 евра
25	Составување на жалба и одговор на жалба	60 евра
26	Разгледување на подвижни предмети и недвижности	10 евра час
27	Присуство на судско рочиште по приговор	45 евра
28	Изготување на барање до Центар за социјални работи, за назначување на привремен старател и изготвување на барање за изрекување на парична казна од суд	10 евра
29	Изготвување барање за прибавување на лични податоци за должникот(ЕМБГ, адреса пензиски број и др.)	5 евра
30	Изготвување потврда за намиреност на побарување до 1000 евра	5 евра
31	Изготвување потврда за намиреност на побарување над 1000 евра	10 евра
32	Изготување на потврда за факти од извршна постапка	5 евра

33	Изготвување на потврда за сторен обид за вонсудска наплата на долгови	2 евра
34	Распределување на парични средства од извршување, освен првата уплата	5 евра по уплата
35	Изготвување на барање за распишување на потрага по моторно возило	10 евра од барање
36	Изготвување на барање за добивање дозвола за влез во домот на должникот до претседателот на судот	10 евра
37	Изготвување на барање за асистенција до МВР	3,5 евра
38	Изготвување објава во средства за јавно информирање	10 евра од објава
39	Давање известување со пресметка за состојба на предмет по барање на странки и тоа:	
	писмен или електронски извештај во раскажувачка форма	10 евра од предмет
	писмен или електронски извештај во раскажувачка форма за до 20 предмети	7 евра од предмет
	писмен или електронски извештај во раскажувачка форма за над 20 предмети	6 евра по предмет
	писмен или електронски извештај во табеларна форма до 20 предмети	5 евра по предмет
	писмен или електронски извештај во табеларна форма од 21 до 100 предмети	3 евра по предмет
	писмен или електронски извештај во табеларна форма за над 100 предмети	2 евра по предмет
	усмен извештај во канцеларија на извршител од извршител или негов помошник	3 евра за час дејствие
40	За увид во списите на предметот во канцеларијата на извршителот	5 евра од час дејствие
41	Предавање на подвижни предмети продадени во извршна постапка	30 евра за еден час дејствие
42	Ангажирање на приватно обезбедување за обезбедување услови за непречена работа и безбедност на извршителот, вработените во канцеларијата и имотот на извршителот во реален износ од странката или учесникот кој го предизвикал.	Во стварен износ
43	Реални трошоци настанати при преземањето на извршните дејствија и такси	Во стварен износ
44	Издавање потврда за извршност на заклучокот за утврдување на трошоци	4 евра

5008.

Врз основа на член 153 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

НОТАРСКА ТАРИФА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа тарифа се определува наградата за работата и надоместокот на трошоците во вршењето на службените дејствија од делокругот на работата на нотарот.

Член 2

(1) Наградата на нотарот се определува:

а) според вредноста, сложеноста и видот на нотарската исправа и

б) според времето и местото потребно за подготовка и вршење на определени службени дејствија.

(2) За дејствијата за кои не може да се определи награда врз основа на ставот (1) на овој член, се определува паушален износ, без оглед на вредноста или времето потребно за преземање на определени службени дејствија.

(3) Надоместокот на нотарот за извршените службени дејствија се определува според реално направените трошоци за изработка на одделни нотарски исправи, надоместокот за службените дејствија преземени надвор од нотарската канцеларија, надоместокот за превоз, надоместокот за достава, како и надоместокот за писмени барања или известувања кои нотарот ги упатува спрема учесниците во постапката или други државни органи и институции.

2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА

Вредност на стварта

Член 3

(1) Наградата на нотарот се определува според вредноста на стварта - предмет на службеното дејствие, утврдена во табелите од членовите 11 и 12, од оваа тарифа.

(2) При утврдување на наградата како вредност на стварта - предмет на службеното дејствие се зема само главното побарување.

(3) Проценетата пазарна вредност на недвижниот имот претставува основ за определување на наградата за нотарските дејствија, особено за составување на нотарски акт и потврдување на приватна исправа (солемнизација).

(4) Ако пазарната вредност на недвижниот имот не може да се процени, истата се определува врз основа на прометната вредност на недвижниот имот.

Вредност на заложно право

Член 4

Вредноста на заложното право (рачен залог или хипотека) се определува според висината на обезбеденото побарување.

Договори за закуп и службеност

Член 5

(1) Кај договорите за закуп вредноста на предметот на службеното дејствие се определува според вредноста на едногодишна закупнина.

(2) Кај договорите за закуп според кои закупниот однос е склучен за период пократок од една година, вредноста се определува според вредноста на вкупниот износ на месечните закупнини.

(3) Кај договорите за службеност, вредноста се определува според вредноста на привилигираната недвижност.

Договори за физичка делба

Член 6

Вредноста на договорите за физичка делба се определува според вредноста на стварта што е предмет на физичка делба.

Договори за размена

Член 7

Вредноста на договорите за размена се определува според вкупната вредност на стварите што се предмет на размена.

Службени дејствија во врска со трговски друштва, установи, задруги, здруженија и фондации

Член 8

(1) Вредноста на договорот за основање на трговско друштво, изјавата за основање на ДООЕЛ или која било форма на трговско друштво се определува според вкупната вредност на вложувањата на сите основачи, односно основната главнина на друштвото.

(2) За промена на договорот за основање на трговските друштва, спојување, делба, престанок, зголемување и намалување на основачки влог вредноста на предметот на службеното дејствие се определува според големината на промената, земајќи го предвид имотот на друштвото намален за обврските.

(3) Ако промената од ставот (2) на овој член се однесува на определен паричен износ, меродавен е тој износ.

(4) За промена на управител, за промена на назив, за промена на основач, за промена на дејност и за промена на правната форма на трговските друштва се применува одредбата од членот 12 од оваа тарифа.

(5) Одредбите од овој член на соодветен начин се применуваат и кај установите, задругите, здруженијата и фондациите.

Договори за уредување на имотни односи помеѓу брачни другари и помеѓу лица што живеат во вонбрачна заедница и тестамент

Член 9

Вредноста на договорите за уредување на имотните односи помеѓу брачните другари и помеѓу лицата што живеат во вонбрачна заедница се определува според вредноста на имотот на двете договорни страни намален за обврските.

Член 10

Вредноста на имотот при располагање во случај на смрт се определува според вредноста на имотот на оставителот што е предмет на располагање намален за обврските.

3. НАГРАДА ЗА НОТАРСКИ АКТИ

Член 11

(1) За подготовката и составувањето на нотарските акти од член 52 став (1) од Законот за нотаријатот и други закони на нотарот му припаѓа награда според вредноста на предметот на службеното дејствие, и тоа:

Од денари	До денари	Награда во денари
	100.000,00	800,00
100.001,00	200.000,00	1.200,00
200.001,00	300.000,00	2.000,00

(2) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 300.001,00 денари до износ од 3.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа покрај награда од 2.000,00 денари и дополнителна награда од 100,00 денари на секои започнати 10.000,00 денари, но не повеќе од 8.000,00 денари.

(3) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 3.000.001,00 денари до износ од 5.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 10.000,00 денари.

(4) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 5.000.001,00 денари до износ од 9.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 12.000,00 денари.

(5) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 9.000.001,00 денари до износ од 20.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 20.000,00 денари.

(6) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 20.000.001,00 денари до износ од 60.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 30.000,00 денари.

(7) Ако вредноста на предметот на службеното дејствие го надминува износот од 60.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 60.000,00 денари.

(8) Во наградата од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член, опфатена е и наградата за издавање на изводи и преписи ако се издаваат непосредно по составувањето на нотарскиот акт.

Потврдување на приватна исправа (солемнизација)

Член 12

(1) За потврдување на приватна исправа (солемнизација), на нотарот му припаѓа награда во висина од 50% од наградата утврдена во членот 11 од оваа тарифа.

(2) За потврдување на спогодба постигната во постапка за медијација и за издавање на потврда за извршност на странките, на нотарот му припаѓа единствена награда, и тоа:

Од денари	До денари	Награда во денари
	50.000,00	500,00
50.001,00	500.000,00	1.500,00
над 500.001,00		3.000,00

Неопределена вредност

Член 13

Ако вредноста на предметот на службеното дејствие не може да се утврди, наградата се определува според вредноста што ја определила странката, но не помала од 800,00 денари.

Учество на повеќе странки, сведоци, толкувачи или преведувачи

Член 14

(1) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат повеќе од две странки, наградата од членот 11 од оваа тарифа се зголемува за третата странка, и за секоја наредна странка по 10%, но најмногу до 50% од вредноста на предметот на службеното дејствие.

(2) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 200,00 денари.

(3) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат толкувачи или преведувачи, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 500,00 денари.

Учество на повеќе нотари

Член 15

(1) Ако при составувањето на нотарскиот акт учествуваат повеќе нотари, наградата од членот 11 од оваа тарифа, се зголемува за по 50% за секој нареден нотар.

(2) На нотарот кој е повикан да изврши дејствие му припаѓа основната награда, а на другите нотари им припаѓа зголемената награда.

Изјави и други едностранни правни исправи

Член 16

(1) За составување на едностранни правни исправи во форма на нотарски акт, на нотарот му припаѓа награда од 400,00 денари.

(2) Одредбите од став (1) на овој член на соодветен начин се применуваат и за другите нотарски службени дејствија, освен ако за вршење на тие дејствија не е определен друг начин за определување на награда според оваа тарифа.

4. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА

Член 17

(1) За сите дејствија при спроведување на оставинската постапка, по правило, на нотарот му припаѓа, една награда, која се определува според вредноста на оставината.

(2) Вредноста на оставината се определува врз основа на изјава на учесниците, податоците за имотот од јавните книги утврдени во самата постапка и податоците кои учесниците му ги предале на нотарот.

(3) По барање на некој од учесниците, но на негов трошок, вредноста на оставината може да ја определи проценител врз основа на закон.

(4) За утврдување на вредноста на основачкиот удел и акциите во друштвата се зема нивната номинална вредност.

(5) При утврдување на вредноста на чистата оставина, од вредноста на оставината се одбиваат долговите на оставителот, легатите и другите товари, трошоците за пописот и проценката на оставината и други трошоци.

Член 18

(1) За изготвување на решение со кое се запира оставинската постапка заради постоење на договор за доживотна издршка, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

(2) За изготвување на решение со кое е одлучено да не се води оставинска постапка за расправање на оставина поради немање на имот, на нотарот му припаѓа награда од 200,00 денари.

(3) За изготвување на решение со кое, по барање на предлагачот, предлогот за поведување на оставинска постапка се смета за повлечен, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

(4) За изготвување на решение со кое се отфрла предлогот за поведување на оставинска постапка, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

Член 19

(1) Во оставинската постапка не се засметуваат трошоците за потрошена хартија и друг канцелариски материјал, за изготвување на покани и други исправи и за задржување на преписите кај нотарот од оставинскиот спис.

(2) Нотарот наплатува ПТТ трошоци во реален износ.

(3) При вршење на попис на оставината на нотарот му припаѓа награда согласно член 43 од оваа тарифа.

Член 20

(1) Трошоците и наградата која му припаѓа на нотарот за спроведување на оставинската постапка, ја плаќаат наследниците сразмерно на големината на нивните наследни делови.

(2) За пресметаната и наплатената награда и трошоци, како и за можната ненаплатена награда или трошоци, независно дали се констатирани во поединечните исправи (записници, решение и слично), нотарот во списите води пресметковен лист во кој хронолошки се наведуваат сите факти и извршени уплати од секој учесник, а по спроведувањето на постапката пресметковниот лист се заклучува при што се потврдува дали во целост или делумно се наплатени наградата и трошоците од страна на учесниците.

Член 21

(1) За извршените дејствија на нотарот во оставинската постапка како што се: повикување на учесниците на рочиште за спроведување на постапката, донесување на решение, доставување на решение, ставање на штембил за правосилност, како и други дејствија за кои со оваа тарифа не е предвидена посебна награда за нотарот, на нотарот му припаѓа награда во нето износ според вредноста на оставината, во висина од 50 % од наградата пропишана со табелата, а по одбивањето на трошоците за достава, и тоа:

Вредност на оставина во денари		
преку	до	Награда во денари
	10.000,00	480,00
10.000,00	50.000,00	800,00
50.000,00	100.000,00	1.600,00
100.000,00	200.000,00	2.400,00

(2) Ако вредноста на оставината го надминува износот од 200.000,00 денари, покрај наградата од 2.400,00 денари нотарот наплатува и по 1% за секој започнат денар преку 100.000,00 денари, но не повеќе од 9.600,00 денари.

(3) Ако предмет на оставинската постапка е право на денационализација, за извршените дејствија на нотарот му припаѓа 50% од наградата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) За прогласување на тестамент, на нотарот му припаѓа награда во износ од 2.000 денари.

(5) Ако настапат услови за прекин на оставинската постапка за дотогаш извршените дејствија од страна на нотарот, на нотарот му припаѓа 50% од наградата од ставовите (1) и (2) на овој член и надоместок за сите дотогаш направени трошоци.

(6) Ако по прекинот на оставинската постапка, довршувањето на оставинската постапка повторно му се довери на нотарот, на нотарот му припаѓа награда до полниот износ на наградата од ставовите (1) и (2) на овој член и настанатите дополнителни трошоци.

(7) За изготвување на дополнително решение за дополнителна утврдена оставина, на нотарот му припаѓа награда според дополнително утврдена вредност на тој дел од оставината.

(8) За легат на нотарот му припаѓа награда во зависност од вредноста на легатот.

(9) За изготвување само на записник при давање на наследничка изјава на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

Член 22

Ако нотарот не ја заврши оставинската постапка на првото рочиште, нотарот може да наплати аванс за трошоци во оставинската постапка, но не повеќе од 3.100,00 денари.

5. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 23

(1) За сите преземени дејствија при спроведување на постапка за издавање на решение за нотарски платен налог, на нотарот му припаѓа единствена награда која се определува спрема вредноста на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог.

(2) При определувањето на вредноста на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, трошоците на постапката и споредните побарувања се земаат предвид само ако се предмет на главното побарување наведено во барањето.

Член 24

(1) При спроведување на постапка за издавање на решение за нотарски платен налог, на нотарот му припаѓа надоместок на трошоците во полн износ.

(2) Трошоците се определуваат според одредбите од оваа тарифа.

Член 25

Наградата и надоместокот на трошоците, нотарот ја наплатува непосредно од доверителот.

Член 26

Во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ја подмири нотарската награда и трошоците.

6. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА СПОРЕД ВРЕДНОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 27

(1) За дејствија што нотарот ги презема во врска со приемот на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, издавање на решение за нотарски платен налог или препраќањето на предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучувањето и доставувањето на решението на странките, на нотарот му припаѓа награда во единствен износ во зависност од вредноста на главното побарување во доставениот предлог, и тоа:

Вредност на предлогот во денари		
преку	до	Награда во денари
	10.000,00	500,00
10.000,00	20.000,00	600,00
20.000,00	40.000,00	1.100,00
40.000,00	60.000,00	1.600,00
60.000,00	100.000,00	2.100,00

(2) Ако вредноста на предлогот го надминува износот од 100.000,00 денари, покрај наградата од 2.100,00 денари нотарот наплатува и по 2% за секој започнат денар преку 100.000,00 денари, но не повеќе од 18.000,00 денари.

(3) При издавање на нотарски платен налог заради наплата на парично побарување кое произлегува од комунална услуга и тоа за побарување за електрична енергија, топлинска енергија, за побарување за вода, смет, трошоци за тековно одржување на заеднички простории во етажна сопственост, кога должник е физичко лице, на нотарот му припаѓа награда во износ од 10 % од вредноста на вкупното побарување зголемено за износот на надоместокот за судска такса и за реалните трошоци.

(4) За ставање на потврда за правосилност и извршност на решението на нотарот му припаѓа вкупна награда од 220,00 денари.

Член 28

За процесните решенија што нотарот ги изготвува во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, и тоа: решение со кое предлогот се смета за повлечен, решение за отфрлање на предлогот, решение за месна ненадлежност, решение со кое се отфрла приговорот, решение за запирање на постапката, решение за прекин на постапката, решение за укинување на потврда на правосилност или извршност, решение за делумно извршување и други дополнителни решенија кои треба да ги донесе, на нотарот му припаѓа награда во висина од 500,00 денари за секое решение.

Член 29

За сите дејствија што нотарот ги презема при постапувањето по извршните предмети оформени врз основа на предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, доверени од судот, на нотарот му припаѓа награда во висина од 50% од наградата утврдена во член 27 од оваа тарифа.

7. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ (СОЛЕМНИЗАЦИЈА) НА ЗАДОЛЖНИЦА

Член 30

(1) За дејствијата што нотарот ги презема во врска со составувањето, електронското потпишување, евидентирањето и печатењето преку системот за водење на Регистарот на задолжници и потврдување (солемнизација) на задолжницата, на нотарот му припаѓа награда во единствен износ во зависност од висината на побарувањето наведено во задолжницата, и тоа:

Од денари	До денари	Награда во денари
	10.000,00	500,00
10.001,00	100.000,00	1.500,00
Над 100.001, 00		3.000,00

(2) За составување на изјава во форма на нотарски акт, во случај кога доверителот сака да ја повлече задолжницата, како и за составување на изјава во форма на нотарски акт и за поднесување на барање за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжницата кога доверителот ќе се откаже од правата од задолжницата, на нотарот му припаѓа награда во износ од 400,00 денари за секоја изјава.

(3) За упис и за бришење на задолжницата од Централен регистар на Република Македонија, на нотарот му припаѓа награда од по 200,00 денари.

8.НАГРАДА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ИЗЈАВИ

Заверка на фотокопија

Член 31

За секој заверен документ (фотокопиран) на нотарот му припаѓа награда во износ од 100,00 денари, без оглед колку страници содржи документот.

Заверка на препис

Член 32

(1) За секој заверен препис на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари за секоја страница заверен препис од исправата до три страници.

(2) Ако исправата се состои од четири или повеќе страници, покрај наградата од став (1) на овој член на нотарот му припаѓа награда во висина од 60 денари за четвртата и за секоја наредна страница од завереният препис од исправата.

Заверка на извод

Член 33

За заверката на извод од трговски, деловни и јавни книги на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари по страница.

Заверка на превод

Член 34

За заверка на превод од овластен судски преведувач на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари по документ.

Заверка на потпис или ракознак

Член 35

(1) За заверка на потпис или ракознак на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари.

(2) Ако при заверката на потписот или ракознакот учествуваат и сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 100,00 денари за секој сведок.

(3) На нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари ако при заверката учествувал и толкувач или преведувач.

Потврда за времето кога е предочена исправата

Член 36

За потврда за времето кога му е предочена (поднесена) исправата на нотарот му припаѓа награда од 80,00 денари.

Потврда дека некој е жив

Член 37

За потврда дека некој е жив на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

Овластување на нотарот и потврдување на други факти од јавен регистар

Член 38

(1) За овластување на нотарот за потврдување на други факти од јавен регистар, на нотарот му припаѓа награда во износ од 200,00 денари.

(2) За потврда за извршените службени дејствија, врз основа на овластувањето од ставот (1) на овој член, на нотарот му припаѓа награда од 800,00 денари.

Соопштување на изјава

Член 39

(1) За писмено или усно соопштување на изјава и за издавање на потврда за соопштена изјава, на нотарот му припаѓа награда од 300,00 денари.

(2) Ако соопштувањето на изјавата е поврзано и со преземање на некое правно дејствие, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од времето потребно за преземање на тоа дејствие.

(3) За достава како доверена работа според посебни закони, на нотарот му припаѓа награда, и тоа:

а) за изготвување на записник за прием на писмено заради доставување и дејствијата преземени заради доставување согласно закон, награда од 200,оо денари;

б) за изготвување на записник за успешна достава на писмено согласно закон , награда од 1.200,00 денари.

Примање на изјава под заклетва

Член 40

За примање на изјава под заклетва на нотарот му припаѓа награда од 200,00 до 600,00 денари, во зависност од сложеноста и големината на изјавата.

Водење записници и потврдување на одлуки и заклучоци на собранија и седници на други органи

Член 41

(1) За утврдување на идентитет, водење записници и потврдување на одлуки и заклучоци на собрание или на седница на некој друг орган на правно лице, на нотарот му припаѓа награда во зависност од вкупниот износ на основната главнина на правното лице, и тоа:

а) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 5.000,00 евра до 25.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 5.000,00 денари;

б) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 25.001,00 евра до 50.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 7.000,00 денари;

в) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 50.001,00 евра до 100.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 8.000,00 денари;

г) за основна главнина на правно лице во вкупен износ над 100.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 10.000,00 денари.

Заверка на депониран потпис или ракознак

Член 42

(1) За заверка на депониран потпис на записник на лице овластено за потпишување за друштво, орган или организација во нотарска канцеларија, на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

(2) За заверка на потпис или ракознак на записник надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

Потврдување на други факти

Член 43

За потврдување на други факти на нотарот му припаѓа награда од 500,00 до 3.000,00 денари, во зависност од сложеноста на извршената работа и времето потребно за извршување на службеното дејствие.

Протест

Член 44

(1) За протестирање на меници, чекови и други хартии од вредност, на нотарот му припаѓа награда според одредбите од членот 11 од оваа тарифа.

(2) Наградата од ставот (1) на овој член ја опфаќа и наградата за времето потребно за извршување на дејствијата на протестот.

9. НАГРАДА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОДИ, ПОТВРДИ, ПРЕПИСИ И ИЗВАДОЦИ

Изводи и преписи

Член 45

(1) За повторно издавање на изводи и преписи од нотарски акт, на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 1.200,00 денари во зависност од големината на изводот или преписот, бројот и големината на прилозите и времето потребно за неговото издавање.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно се применува и за извадоци од нотарските акти.

(3) За издавање на потврда за издадени изводи и преписи на нотарскиот акт на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 300,00 денари.

Потврди за уписи во уписници

Член 46

(1) За издавање на потврди за уписи во уписници на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 300,00 денари, во зависност од големината на потврдата и времето потребно таа да се издаде.

(2) За издавање на заверени исправи во форма на препис или заверена фотокопија од архивата на нотарот, а по барање на странка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 60,00 денари од страница.

Потврда за постоење на нотарски акт, записници и други заверени и потврдени исправи

Член 47

За издавање на потврда за постоење на нотарски акт, записник и други заверени и потврдени исправи на странките, на нотарот му припаѓа награда од 200,00 денари.

Потврда за извршност на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа

Член 48

За издавање потврда за извршност на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа, на нотарот му припаѓа награда од 220,00 денари.

10. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИСПРАВИ, ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЗАРАДИ ЧУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ

Чување и предавање на исправи

Член 49

(1) За чување и предавање на исправи на нотарот му припаѓа награда за првата година според одредбите од членот 11 од оваа тарифа.

(2) Награда се плаќа за првата година однапред, а за другите години на почетокот на тековната година. Започнатата година се смета за цела година.

(3) Ако вредноста на исправите не може да се утврди, на нотарот му припаѓа награда од 500,00 до 1.000,00 денари во зависност од големината на исправите, нивното значење, од времето и местото на чување.

Чување и предавање на пари, хартии од вредност и предмети од вредност

Член 50

(1) За чување и предавање на пари, хартии од вредност и предмети од вредност на нотарот му припаѓа награда за првата година според одредбите од членот 11 на оваа тарифа.

(2) Награда се плаќа за првата година однапред, а за другите години на почетокот на тековната година. Започнатата година се смета за цела година.

(3) Ако чувањето или предавањето на пари, односно на хартии од вредност треба да се изврши надвор од канцеларијата на нотарот, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 500,00 до 1.500,00 денари, во зависност од вредноста на парите, хартиите од вредност и предметите од вредност, како и од времето потребно за преземање на дејствието и начинот на неговото преземање.

(4) Со наградите од ставовите (1) и (3) на овој член опфатени се сите дејствија што нотарот треба да ги преземе во врска со чувањето и предавањето на доверените пари, хартии од вредност и предмети од вредност.

11. НАГРАДИ ЗА ДРУГИ РАБОТИ

Нацрт - исправа, дополнителна потврда и повлекување на барање

Член 51

(1) Ако нотарот ја подготвил исправата, а по барање на странките не е извршена заверка и упис во соодветниот уписник, на нотарот му припаѓа 50% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

(2) За побарана проверка на нацрт - исправата и дадените упатства на нотарот му припаѓа најмногу до 20% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

(3) Ако се побара од нотарот во рок од една година да ја потврди нотарската исправа за која составил нацрт или која ја проверил, во тој случај наградата која е наплатена според одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се зема предвид при утврдување на наградата за потврдувањето.

(4) Ако заверката не се заврши по започнувањето на дејствието, на нотарот му припаѓа половина од наградата за потврдување.

12. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

Трошоци за изготвување на извод и препис

Член 52

(1) Нотарот наплатува надоместок на трошоците во врска со изготвување на изводите и преписите, кои по барање или по сила на закон требал да ги издаде.

(2) За секој страница на преписот се признаваат трошоци во висина од 30,00 денари.

Други трошоци направени во нотарското работење

Член 53

(1) Кога презема службено дејствие надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа надоместок на трошоци за користење на сопствен автомобил до 30% од цената на литар гориво за соодветното возило по поминат километар, сметано според видот на горивото што го користи возилото, но не повеќе од 3.000,00 денари.

(2) За достава на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа заради запишување на правата во Агенцијата за катастар на недвижности или Централниот регистар на Република Македонија, на нотарот му припаѓа награда од 20,00 денари.

13. ДОПОЛНИТЕЛНА НАГРАДА

Награда надвор од канцеларија и надвор од работно време

Член 54

(1) Ако по барање на странката или со оглед на видот на работата, службеното дејствие треба да се изврши надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа дополнителна награда поради излегувањето од канцеларијата во висина од 20% од наградата предвидена за дејствието за кое патува за секој започнат час поминат надвор од канцеларијата, но не повеќе од седум часа за еден ден, освен службените дејствија кои се однесуваат на заверката на депониран потпис или ракознак надвор од нотарската канцеларија (член 42 став (2) од оваа тарифа).

(2) За преземање на дејствија надвор од работното време, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 50% од полната награда, но не повеќе од 1.500,00 денари.

14. НАГРАДА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПРАВИ ВО ЈАВНИ КНИГИ И РЕГИСТРИ

Член 55

(1) За дејствијата кои нотарот ги презема заради запишување во јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа единствена награда во износ од 600,оо денари.

(2) За дејствијата кои нотарот ги презема заради бришење од јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа 50% од наградата утврдена во ставот (1) на овој член.

(3) За изготвување на оглас за објава во службено гласило, по сила на закон или по барање на странка, и негова достава по електронски пат, на нотарот му припаѓа награда во износ од 500,оо денари.

(4) За издавање на имотен лист, на нотарот му припаѓа надоместок на материјалните трошоци во износ од 5 денари по испечатен лист хартија.

15. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

(1) Со денот на влегувањето во сила на оваа тарифа престанува да важи Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/12).

(2) За започнатите дејствија на нотарот пред денот на влегувањето во сила на оваа тарифа, на нотарот му припаѓа награда според Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/12) по која се започнати дејствијата на нотарот.

Член 57

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-4729/5
30 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
Валдет Џафери с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016226